# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ


| Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров Излегува по потреба | 30 Октомври 2014 година Скопје Бр.12 Год.IX |
|---|---|

www.opstinagpetrov.gov.mk kontakt@opstinagpetrov.gov.mk

Издавач: Општина Ѓорче Петров
ул.Ѓорче Петров бр.73
тел. 02/2039-307 ; 02/2039-308
фах. 02/ 2033-309

Уредува: Одделение за нормативно-правн
и работи и работа со Советот


***Содржина:***


1. Одлука за усвојување на Извештај за извршување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за III квартал на 2014 година;........ стр. 2
2. Одлука за измена на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2014 година; ........................................ стр. 4
3. Одлука за усвојување на Извештај за реализација на Програмата за урбано планирање и Програмата за комунални дејности, за период од 01.01.-30.09.2014 година; ........................................ стр. 6
4. Одлука за усвојување на Извештај за реализација на Програмата за заштита на животната средина и природа, за период од 01.01.-30.09.2014 година ........................................ стр. 36
5. Одлука за усвојување на Извештај за реализација на Програмата за остварување на социјална заштита во Општина Ѓорче Петров, за период од 01.01.-30.09.2014 година;........................................ стр. 43
6. Одлука за усвојување на Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа на културата и поддршката на невладиниот сектор, за период од 01.01.-30.09.2014 година;........................................ стр. 51
7. Одлука за усвојување на Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа на спортот, рекреацијата и поддршката на невладиниот сектор за период од 01.01.-30.09.2014 година ............. стр. 59
8. Одлука за усвојување на Извештај за реализација на Програмата за еднакви можности на жените и мажите, за период од 01.01.-30.09.2014 година; ........................................ стр. 67
9. Програма за измени и дополнување на Програмата за урбано планирање за 2014 година; ........................................ стр. 70
10. Програма за урбано планирање „Ф“ на Општина Ѓорче Петров за 2015 година;........................................ стр. 74
11. Програма за измени и дополнување на Програмата за комунални дејности за 2014 година;........................................ стр. 90
12. Програма за комунални дејности на Општина Ѓорче Петров за 2015 година; ........................................ стр. 93
13. Програма за заштита на животната средина и природа во Општина Ѓорче Петров за 2015 година; ........................................ стр. 95
14. Одлука за усвојување на Акционен план (GD) за енергетска ефикасност на Општина Ѓорче Петров за 2015 година; ............ стр. 103
15. Програма за остварување на социјална заштита во Општина Ѓорче Петров за 2015 година; ........................................ стр. 118
16. Предлог-Програма за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа на културата и поддршката на невладиниот сектор во 2015 година; ........................................ стр. 123
17. Програма за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа на спортот, рекреацијата и поддршката на невладиниот сектор за 2015 година; ........................................ стр. 132
18. Програма за заштита, спасување и кризи за 2015 година;........................................ стр. 140
19. Програма за еднакви можности на жените и мажите за 2015 година ; ........................................ стр. 144
20. Одлука за прифаќање на Иницијатива за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров; ........................................ стр. 150


**Октомври 2014 година**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-(Пречистен текст), (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/13), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за усвојување на Извештај за извршување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за III квартал од 2014 година**

Се објавува Одлуката за усвојување на Извештајот за извршување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за III квартал од 2014 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Дваесетишесттата Седница на Советот, одржана на ден 30.10.2014 година.

**Број 08-4600/1**
**од 30.10.2014 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-(Пречистен текст) (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/13) Советот на Општина Ѓорче Петров на 26-тата седница одржана на ден 30.10.2014 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Извештај за извршување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров**
**за III квартал за период од 01.01. до 30.09.2014 година**

**Член 1**

Советот на Општина Ѓорче Петров го усвои Извештајот за извршување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за III квартал за период од 01.01. до 30.09.2014 година.

Извештајот е составен дел од оваа Одлука.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 07-4498/3**
**Од 30.10.2014 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Гоце Петрески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-(Пречистен текст), (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/13), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за измена на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2014 година**

Се објавува Одлуката за измена на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2014 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Дваесетишесттата Седница на Советот, одржана на ден 30.10.2014 година.

**Број 08-4600/2**
**од 30.10.2014 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 и 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр. 5/02), член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа (Сл. весник на Р.М. бр. 61/04, 96/04, 156/09 и 47/11), член 1 од Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за државни службеници (Сл.весник на Р.М. бр.14/12 и бр.1/2014) и член 16 точка 37 од Статутот на општина Ѓорче Петров (Сл.гласник на општина Ѓорче Петров бр.05/06), Советот на општина Ѓорче Петров на 26 седница одржана на 30 .10.2014 година , донесе:

**О Д Л У К А**
**за измена и дополна на одлуката за извршување на Буџетот**
**на општина Ѓорче Петров за 2014 година**

член 1

Во Одлуката за извршување на Буџетот на општина Ѓорче Петров за 2014 година бр. 07-3991/4 од 18.12.2013 г. (Сл.гласника на општина Ѓорче Петров бр.19/13) и Измената на Одлуката за извршување на буџетот бр. 07-96/8 од 21.01.2014 г.(Сл.гласник на општина Ѓорче Петров бр.01/2014), во член 9, во став два точката се заменува со запирка и се додава: а за период од 01.10 до 31.12.2014 година ќе изнесува 26.755,00 денари.

Во став три бројката “77,5” се заменува со бројката “ 76,8” и бројката “12,5” се заменува со бројката “12,34”.

Став 4 се брише.

член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на општина Ѓорче Петров” , а ќе се применува од 01 Јануари 2014 година.

**Број 07- 4498/4** **Совет на Општина Ѓорче Петров**
**од30.10.2014 година** **Претседател**
**Скопје** **Гоце Петрески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-(Пречистен текст), (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/13), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за усвојување на Извештај за реализација на Програмата за урбано планирање и Програмата за комунални дејности за период од 01.01.- 30.09.2014 година**

Се објавува Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за урбано планирање и Програмата за комунални дејности за период од 01.01.- 30.09.2014 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Дваесетишесттата Седница на Советот, одржана на ден 30.10.2014 година.

**Број 08-4600/3**
**од 30.10.2014 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-(Пречистен текст) (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/13) Советот на Општина Ѓорче Петров на 26-тата седница одржана на ден 30.10.2014 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Извештај за реализација на Програмата за урбано планирање и Програмата за комунални дејности за период од 01.01 до 30.09.2014 година**

**Член 1**

Советот на Општина Ѓорче Петров го усвои Извештајот за реализација на Програмата за урбано планирање и Програмата за комунални дејности за период од 01.01. до 30.09.2014 година.

Извештајот е составен дел од оваа Одлука.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 07-4498/5**
**Од 30.10.2014 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Гоце Петрески с.р.**

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ-СКОПЈЕ**
**СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ,**
**ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ЛЕР**

---

# И З В Е Ш Т А Ј

## ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА УРБАНО ПЛАНИРАЊЕ И ПРОГРАМАТА ЗА КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01-09/2014година

**ОКТОМВРИ 2014 год.**
**Скопје**

**ПРОГРАМА ЗА УРБАНО ПЛАНИРАЊЕ**
**ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ГОДИШНА ПРОГРАМА Ф ЗА УРБАНО ПЛАНИРАЊЕ**

**Урбанистички планови по Програма за 2006година**

**1. ДУП за УЗ Даме Груев УБ 3**

**Големина на плански опфат: 18.14 ха;**

**Фаза: Завршена постапка за донесување на ДУП: Планот е завршен по стара-отпочната постапка, со усогласување со ГУП 2012-2022год.**

**Цена:** **По договор**: 165. 200,00 ден.
Платено: 84. 960,00 ден.
Платено: 66. 080,00 ден.
**За доплата:** **00. 000,00** ден.

**Средства:** обезбедени од буџет на Општина Ѓорче Петров-Скопје;
**Изготвувач:**НИМАЕР – Доо Скопје;

**ПЛАНОТ Е ДОНЕСЕН И СПРОВЕДЛИВ.**

**2. ДУП за УЗ Даме Груев УБ 4**

**Големина на плански опфат: 12.40 ха;**

**Фаза: Стопирана постапка за донесување на Предлог ДУП, заради неусогласеност со ГУП 2012-2022год.**

**Цена:** **По договор**: 141. 600,00 ден.
Платено: 99. 120,00 ден.
**За доплата:** **56. 640,00** ден.

**Средства*:** обезбедени од буџет на Општина Ѓорче Петров-Скопје;
**Изготвувач:**НИМАЕР – Доо Скопје;

**ПЛАНОТ ЌЕ СЕ ДОНЕСЕ ВО РАМКИТЕ НА ДУП ЗА ЧЕТВРТ СЗ 27**

**Урбанистички планови по Програма за 2007година**

**4. УПС - Урбанистички план за село Кучково со разработка на Блок**

**Големина на плански опфат: 312.00 ха;**

**Фаза:** **Предлог план пред согласност од МТВ. За донесување на Предлог УПС, се чека пренамена на земјоделското земјиште во градежно од Министерство за Земјоделие;**

**Цена:** **По договор**: 802.000,00 ден.
Платено: 481.200, 00 ден.
**За доплата:** **320.800, 00** ден..

**Средства:** обезбедени од буџет на Општина Ѓорче Петров-Скопје;

**Изготвувач:** БИЛД – Доо Скопје;

**Урбанистички планови по Програма за 2009година**

**5. УПС - Урбанистички план за село Волково со разработка на**

**Големина на плански опфат: 354.40 ха;**
**Разработка на блок : 29.92 ха ;**

**Фаза:** **Нацрт план пред Стручна ревизија. За донесување на УПС, се чека пренамена на земјоделското земјиште во градежно од Министерство за Земјоделие и корекција на забелешките по Нацрт планот;**

**Цена:** **По договор**: 381.140, 00ден.
Платено: 000. 000,00ден.
**За доплата: 381.140, 00ден.**

**Средства:** обезбедени од буџет на Општина Ѓорче Петров-Скопје;
**Изготвувач:** БОРТАС – Доо Скопје;
**Планот ќе се донесе по отпочната постапка.**

**6. ДУП УЗ ЃОРЧЕ ПЕТРОВ-БЛОК 14**

**Големина на плански опфат: 2.40 ха;**

**Фаза:** **Предлог план пред согласност од МТВ, по стра постапка;**

**Цена:** **По договор**: 115.050, 00ден.
Платено: 69.030, 00ден.
**За доплата: 23.020, 00ден.***

**Средства:** *обезбедени од физичко лице;
**Изготвувач:** АД ЗУАС- Скопје;

**Планот се стопира заради неусогласеност со ГУП Скопје 2012-2022. Планот ќе биде донесен со ДУП за Четврт СЗ 21.**

**7. Изработка на Детални Урбанистички Планови-ДУП согласно нов ГУП на град Скопје 2012-2022год.**

**7.1. Според завршените постапки за Јавни набавка на услуги за Изработка на ДУП за сите градски четврти на територија на општината Ѓорче Петров, се избрани изготвувачи на ДУП, дефинирани цени, склучени договори и е отпочната работа за Изработка на ДУП за градските четврти.**

**За плановите со поголеми Четврти од 30.00ха. градот Скопје треба да донесе УПЧ-Урбанистички план за четврт, па потоа да се отпочне со постапка за донесување на ДУП.**

**7.1.1 ДУП за четврт СЗ 01**

**Големина на плански опфат: 140.50 ха;**

**Фаза:** **Предадена Планска програма, се чека донесен Урбанистички план за четврт СЗ 01 од Град Скопје.**

**Цена:** **По договор**: 826.000,00 ден.

**Средства:** обезбедени од буџет на Општина Ѓорче Петров-Скопје;
**Изготвувач: Ин Пума ДОО Скопје** ;

**7.1.2 ДУП за четврт СЗ 06**

**Големина на плански опфат: 45.61ха;**

**Фаза:** **Предадена Планска програма, се чека донесен Урбанистички план за четврт СЗ 06 од Град Скопје.**

**Цена:** **По договор**: 236.000,00 ден.

**Средства:** обезбедени од буџет на Општина Ѓорче Петров-Скопје;
**Изготвувач:** изготвувач **Ин Пума ДОО Скопје** ;

**7.1.3 ДУП за четврт СЗ 16**

**Големина на плански опфат: 47.38ха;**

**Фаза:** **Предадена Планска програма, се чека донесен Урбанистички план за четврт СЗ 16 од Град Скопје.**

**Цена:** **По договор**: 680.797, 00 ден.

**Средства:** обезбедени од буџет на Општина Ѓорче Петров-Скопје;
**Изготвувач: ГИМ МАКЕДОНИЈА АД, Скопје**

**7.1.4 ДУП за четврт СЗ 20**

**Големина на плански опфат: 50.59ха;**

**Фаза:** **Предадена Планска програма, се чека донесен Урбанистички план за четврт СЗ 20 од Град Скопје.**

**Цена:** **По договор**: 359.900,00 ден.

**Средства:** обезбедени од буџет на Општина Ѓорче Петров-Скопје;
**Изготвувач:Иванов Инженеринг ДООЕЛ Битола.**

**7.1.5 ДУП за четврт СЗ 24**

**Големина на плански опфат: 47.07ха;**

**Фаза:** **Предадена Планска програма, се чека донесен Урбанистички план за четврт СЗ 24 од Град Скопје.**

**Цена:** **По договор**: 129.813,00 ден.

**Средства:** обезбедени од буџет на Општина Ѓорче Петров-Скопје;
**Изготвувач: БОРТАС ДОО Скопје.**

**7.1.6 ДУП за четврт СЗ 05**

**Големина на плански опфат: 55.62ха;**

**Фаза:** **Предадена Планска програма, се чека донесен Урбанистички план за четврт СЗ 05 од Град Скопје.**

**Цена:** **По договор**: 1.398.593,00 ден.

**Средства:** обезбедени од буџет на Општина Ѓорче Петров-Скопје;
**Изготвувач: БОРТАС ДОО Скопје.**

**7.1.7 ДУП за четврт СЗ 09**

**Големина на плански опфат: 113.01ха;**

**Фаза:** **Предадена Планска програма, се чека донесен Урбанистички план за четврт СЗ 09 од Град Скопје.**

**Цена:** **По договор**: 2.435.732,00 ден.

**Средства:** обезбедени од буџет на Општина Ѓорче Петров-Скопје;
**Изготвувач: Ин Пума ДОО Скопје**

**7.1.8 ДУП за четврт СЗ 13**

**Големина на плански опфат: 51.70ха;**

**Фаза:** **Предадена Планска програма, се чека донесен Урбанистички план за четврт СЗ 13 од Град Скопје.**

**Цена:** **По договор**: 1.300.023,00 ден.

**Средства:** обезбедени од буџет на Општина Ѓорче Петров-Скопје;
**Изготвувач: Ин Пума ДОО Скопје.**

**7.1.9 ДУП за четврт СЗ 14**

**Големина на плански опфат: 64.96ха;**

**Фаза:** **Предадена Планска програма, се чека донесен Урбанистички план за четврт СЗ 14 од Град Скопје. УПЧ е во завршна фаза.**

**Цена:** **По договор**: 1.633.120,00 ден.

**Средства:** обезбедени од буџет на Општина Ѓорче Петров-Скопје;
**Изготвувач: Иванов Инженеринг ДООЕЛ Битола.**

**7.1.10** **ДУП за четврт СЗ 21**

**Големина на плански опфат:** **82.30ха;**

**Фаза:** **Предадена Планска програма, се чека донесен Урбанистички план за четврт СЗ 21 од Град Скопје.**

**Цена:** **По договор**: 1.911.600,00 ден.

**Средства:** обезбедени од буџет на Општина Ѓорче Петров-Скопје;
**Изготвувач: Иванов Инженеринг ДООЕЛ Битола.**

**7.1.11** **ДУП за четврт СЗ 27**

**Големина на плански опфат:** **34.92ха;**

**Фаза:** **Предадена Планска програма, се чека донесен Урбанистички план за четврт СЗ 27 од Град Скопје.**

**Цена:** **По договор**: 878.081,00 ден.

**Средства:** обезбедени од буџет на Општина Ѓорче Петров-Скопје;
**Изготвувач: БОРТАС ДОО Скопје.**

**7.2.** **ДУП за Четврти со површина помала од 30ха постапка за донесување се одпочнати**

**7.2.1** **ДУП за четврт СЗ 03**

**Големина на плански опфат:** **15.89 ха;**
**Фаза:** **Се чека Согласност од МТВ.**

**Цена:** **По Договор:** 165. 200, 00 ден.
Платено: 99. 120, 00 ден.
**За доплата:** **66. 080, 00 ден.**

**Средства:** обезбедени од буџет на Општина Ѓорче Петров-Скопје;
**Изготвувач: Иванов Инженеринг ДООЕЛ Битола**

**7.2.2** **ДУП за четврт СЗ 04**

**Големина на плански опфат:** **3.40 ха;**

**Фаза:** **Предлог план за Согласност од МТВ.**

**Цена:** **По Договор:** 69. 620, 00 ден.
Платено: 41. 772, 00 ден.
**За доплата:** **27. 848, 00 ден.**

**Средства*:** обезбедени од буџет на Општина Ѓорче Петров-Скопје;
**Изготвувач: Ин Пума ДОО Скопје**

**7.2.3 ДУП за четврт СЗ 08**

**Големина на плански опфат: 28.92 ха;**

**Фаза: Предлог план за Согласност од МТВ.**

**Цена:** **По Договор:** 153.400, 00 ден.
Платено: 92.040, 00 ден.
**За доплата:** **61.360, 00 ден.**

**Средства*:** обезбедени од буџет на Општина Ѓорче Петров-Скопје;
**Изготвувач: Иванов Инженеринг ДООЕЛ Битола.**

**7.2.4 ДУП за четврт СЗ 15**

**Големина на плански опфат: 14.42 ха;**

**Фаза: Донесен план ДУП СЕ 15 кој се спроведува.**

**Цена:** **По Договор:** 88.500, 00 ден.
Платено: 88.500, 00 ден.
**За доплата:** **00. 000,00** ден.

**Средства:** обезбедени од буџет на Општина Ѓорче Петров-Скопје;
**Изготвувач**: **Иванов Инженеринг ДООЕЛ Битола**

**7.2.5 ДУП за четврт СЗ 18**

**Големина на плански опфат: 12.58 ха;**

**Фаза: Предлог план за Согласност од МТВ.**

**Цена:** **По договор**: 183.555,00 ден.
Платено: 110.133, 00 ден.
**За доплата:** **73. 422,00** ден.

**Средства:** обезбедени од буџет на Општина Ѓорче Петров-Скопје;
**Изготвувач: ГИМ МАКЕДОНИЈА АД Скопје**

**7.2.6 ДУП за четврт СЗ 25**

**Големина на плански опфат: 28.49ха;**

**Фаза: НАЦРТ ПЛАН БЕЗ СТРУЧНА РЕВИЗИЈА- Планот е застанат заради детектирани проблеми во ГУП Скопје 2012/2022 (несоодветна регулација на коритото на река Вардар).**

**Цена:** По Договор: 199.420,00 ден.

**Средства:** обезбедени од буџет на Општина Ѓорче Петров-Скопје;
**Изготвувач: ДПУ БИЛД ДООЕЛ Скопје**

**7.2.7 ДУП за четврт СЗ 02**

**Големина на плански опфат: 28.94 ха;**

**Фаза:** **НАЦРТ ПЛАН ПРЕД СТРУЧНА РЕВИЗИЈА**

**Цена:** По Договор: 616.740,00 ден.

**Средства:** обезбедени од буџет на Општина Ѓорче Петров-Скопје;
**Изготвувач: Ин Пума ДОО Скопје,**

**7.2.8 ДУП за четврт СЗ 10**

**Големина на плански опфат: 3.70 ха;**

**Фаза: ИЗГОТВЕН НАЦРТ ПЛАН- Работна верзија.**

**Цена:** По Договор: 268.509,00 ден.

**Средства:** обезбедени од буџет на Општина Ѓорче Петров-Скопје;
**Изготвувач: Иванов Инженеринг ДООЕЛ Битола.**

**7.2.9 ДУП за четврт СЗ 11**

**Големина на плански опфат: 26.04 ха;**

**Фаза:** **ИЗГОТВЕН НАЦРТ ПЛАН- Работна верзија.**

**Цена:** По Договор: 649.000,00 ден.

**Средства:** обезбедени од буџет на Општина Ѓорче Петров-Скопје;
**Изготвувач: Иванов Инженеринг ДООЕЛ Битола**

**7.2.10 ДУП за четврт СЗ 12**

**Големина на плански опфат: 19.06 ха;**

**Фаза:** **ИЗГОТВЕН НАЦРТ ПЛАН- Работна верзија.**

**Цена:** По Договор: 477.900,00 ден.

**Средства:** обезбедени од буџет на Општина Ѓорче Петров-Скопје;
**Изготвувач: Иванов Инженеринг ДООЕЛ Битола.**

**7.2.11 ДУП за четврт СЗ 07**

**Големина на плански опфат: 21.09ха;**

**Фаза:** **Предадена Планска програма, се чека Нацрт план;**

**Цена:** По Договор: 454.300,00 ден.

**Средства:** обезбедени од буџет на Општина Ѓорче Петров-Скопје;

**Изготвувач: Иванов Инженеринг ДООЕЛ Битола.**

**7.1.12 ДУП за четврт СЗ 17**

**Големина на плански опфат: 8.81ха;**

**Фаза:** **Предадена Планска програма, се чека Нацрт план, намената е Д2.**

**Цена:** По Договор: 379.724,00 ден.

**Средства:** обезбедени од буџет на Општина Ѓорче Петров-Скопје;
**Изготвувач: Иванов Инженеринг ДООЕЛ Битола**

**8. Изработка на Урбанистички Планови за Села согласно ПРОГРАМА ЗА ДОПОЛНА НА ПРОГРАМАТА ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ "Ф„ НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ ЗА 2014година.**

**8.1 УПС за село НОВО СЕЛО**

**Големина на плански опфат: 126.56 ха;**
**Разработка на блок : 32.00 ха ;**

**Фаза:** Почетна фаза – припремни работи

**Цена:** По договор: 1.378.830,00 ден.

**Средства:** обезбедени од буџет на Општина Ѓорче Петров-Скопје;
**Изготвувач: ИН-ПУМА Доо Скопје**

**8.2 УПС за село НИКИШТАНЕ**

**Големина на плански опфат: 46.30 ха;**

**Фаза:** Почетна фаза – припремни работи
**Цена:** По договор: 767.000,00 ден.
**Средства:** обезбедени од буџет на Општина Ѓорче Петров-Скопје;
**Изготвувач: Иванов Инженеринг ДООЕЛ Битола**

**8.3 УПВНМ ВЕЛЕ ПОЛЕ**

**Големина на плански опфат: 257,00 ха;**
**Разработка на блок : 66.00 ха ;**

**Фаза:** Почетна фаза – припремни работи

**Цена:** По договор: 2.358.525,00 ден.

**Средства:** обезбедени од буџет на Општина Ѓорче Петров-Скопје;
**Изготвувач: ИН-ПУМА Доо Скопје**

**9. Изработка на ОПШТ АКТ за Села согласно ПРОГРАМА ЗА ДОПОЛНА НА ПРОГРАМАТА ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ "Ф 1„ НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ ЗА 2014година.**

**За Селата : Волково, Кучково, Ново Село и Никиштане, за кои Општината имаше стари и неусогласени плански документи, а согласно законска измена се ставени вон сила, се изготвени и донесени Општи акти во рамки на претходните плански опфати-старите јадра, без измена на граници.**

**Општите акти за сите четири села се применливи.**

**10. Р Е К А П И Т У Л А Ц И Ј А:**

- **До 10месец 2014 година се донесени следните планови:**

**1. ДУП за УЗ Даме Груев УБ 3**
**2. ДУП за четврт СЗ 15**
**3. ОПШТИ АКТИ За Селата : Волково, Кучково, Ново Село и Никиштане,**

**II. Подпрограма Ф.2. и Ф.3. за уредување на градежно земјиштеи уредување на просторот во руралното подрачје**

1. **Подпрограма ФА. и ФD.** За уредување на градежно земјиште класифицирано по основни сметки

**482.110 Подготовка на проекти вклучувајчи дизајн на улици, пешачки патеки, плиштади и други јавни површини**

**1. Во завршна фаза на изработка се основни проекти за изградба и реконструкција на повеќе улици во општината и тоа за:**

**1.1 Изградба на** Ул.Лука Геров 1и 3,во должина од (110+210) м, и широчина према теренските услови,
**1.2 Изградба на** Ул.Пекљане 2 и 4,во должина од (70+70) м, и широчина према теренските услови,
**1.3 Изградба на** Ул.Волче Наумчевски,во должина од (110+210) м, и широчина према теренските услови,
**1.4 Изградба на** Ул.Лука Геров 1и 3,во должина од 240м, и широчина према теренските услови,
**1.5 Реконструкција на** Ул.Кузман Капидан, во должина од 200м, и широчина од 6,00м и тротоари 2x2м,
**1.6 Реконструкција на** Ул.Знеполе и изградба на десен кракод ул.Македонска Преродба, во должина од (410+120)м, и широчина од 6,00м и тротоари 2x1,5м,
**1.7 Реконструкција на** Ул.Алекса Демниевски, во должина од 470м, и широчина од 6,00м и тротоари 2x1,5м.

За проектирање на улиците, согласно законската регулатива, избрана е фирма согласно Закон за Јавни Набавки при што како најповолна е избрана фирмата Прима инжењеринг-Скопје

Средствата во висина од **4.848.030,00ден** се обезбедени од Буџет на Општина Ѓорче Петров.

**481.210 Подготовка на проекти за деловни објекти**

1. **Изработен е основен проект за доградба на ОУ Беровски- подрачно училиште во УЗ Хром со големина за деветолетка,**
2. **Изработен е основен проект за доградба на детска градинка во УЗ Хром,**
3. **Изработен е основен проект за доградба на градинката во Калинка во УЗ Мирче Ацев.**

За изработка на основните проекти, согласно законската регулатива, изборот на е фирмата е извршен согласно Закон за Јавни Набавки при што како најповолна е избрана фирмата Прима инжењеринг-Скопје

**Средствата за изработка на проектите во висина од 3.894.000,00ден се обезбедени од Буџетот на Општината.**

**482.120 Изградба на улици, пешачки патеки, плоштади и др. јавни површини**

**1. Изградба на улици**

**A. Со средствата обезбедени со меѓуопштинска соработка со Град Скопје завршена е градбата на ул.Црногорска со краците 1, 2 и 3.**

**B.**

Средствата во висина од **5.117.955,00ден.** се обезбедени од буџетот на Град Скопје во висина од 2.283.624,00ден. и Општина Ѓорче Петров во висина од 2.834.331,00ден.

**За изградба на улиците, согласно законската регулатива, избрана е фирма за** вршење стручен Надзор над градбата. Изборот е извршен согласно Закон за Јавни Набавки при што е избрана фирмата ГИ Македонија-Скопје.

**B. Во фаза на преговори е ново кредитно задолжување преку Министерство за Финансии на РМ и Светска Банка, за изградба и реконструкција на улици планирани со годишниот план. Према одобрената висина на кредитотсе планираат да се работат следните улици: ул. Антон Чехов, ул. Австралиска, ул. Новопроектирана 1 - Антон Кецкаров, ул. Злате Михајловски, ул. Алекса Демниевски 3, ул. Алекса Демниевски 4, ул. Алекса Демниевски 5, ул.Јадранска, ул. Црногорска 2, ул. Браќа Галеви, ул. Виа Егнатија, ул.Ибе Паликуќа, ул. Исаија Маџовски и ул.Крсто Раковски.**

**V. Изградбата или реконструкцијата на улици во Урбаниот и руралниот дел на општината, кои беа планирани да се работат во 2014год. не се отпочнати поради немање средства во буџетот на Општина Ѓорче Петров.**

**G. Со средствата обезбедени од Агенција за Финансиска Поддршка на Земјоделието и Руралниот Развој на РМ во износ од 13.605.810 ден. и Општина Ѓорче Петров во висина од 4.280.630,00 ден. Во фаза на градба е локалниот пат од с.Волково(сред село) до с.Орман.**

**G.1 Во завршна фаза на градба е Делница 1 од локалниот пат с.Волково до ОУ Јоаким Крчовски во должина од 960м', при што во целост е преработена коловозната конструкција која сега е со широчина од 7,00m, со два асфалтни слоја, поставени се рабници по целата десна страна и дел од левата страна(согласно проектот), изработен е тротоар по целата должина од десната страна во ширина на 1.50m, обработен со павер елементи, поставена е електрична инсталација за улично осветлување, изградена е нова канализациона мрежа долж улицата, изработени се стабилизирани банкиниод десната стран ан апатот. Преостанува да се постават столбовите за улично осветлувањеи да се изврши обележување на коловозот.**

**G.2 Во фаза на градба е Делница II од локалниот пат од ОУ Јоаким Крчовски према с.Орман при што во моментов се врши проширувањ ена трупот од патот за широчина од 7,00m коловозна конструкција.**

За изградбата на локалниот пат, согласно Законската регулатива, избрана е фирма за вршење на Стручен Надзор над градбата. Изборот е извршен согласно Законот за Јавни Набавки, при што е избрана фирмата ГИ-Македонија-Скопје.

**D. Во завршна фаза на градба е ул.51 во мз Стопански Двор копја е директна врска со клучката Стоапнски Двор и обиколницата Скопје. До сега завршено е пробивањето на трасата со решена Експропријација на парцелите.** Во целост се завршени дислокациите на електричните високо напонски и нисконапонски инсталации, надземни и подземни инсталации, Завршена е дислокација на

ПТТ-инсталациите , завршена е дислокација на водоводната и канализационата мрежа, извршени се сите приклучоци на водоводните и канализационите краци. Изведена е нова атмосферска канализација во должина од 650m, за прифаќање на атмосферските води од коловозот изграден е нов армирано-бетонски пропуст над одводниот канал во Стопанки Двор. Завршено е поставување на тампонски слој во дебелина од 30 см, поставени се рабници 20/24см од двете страни на коловозот и и нанесен е првиот и вториот асфалтен слој по целата должина и широчина на патот. Не целосно се завршени тротоарите и потпорните зидови, огради и завршно уредување( поради завршување на договорот со Светска Банка). Истите ќе се довршат со средства кои ќе ги обезбеди ЈП за Дрѓавни патишта на РМ, за што веѓе е спроведена тендерска постапка за избор на најповолен изведувач.

Изборот на изведувачод( за до сега изведените фази) е извршен согласно Закон за јавни набавки и процедурите на Светска Банка и Европска Банка за Обнова и Развој, при што како најповолни избрани се фирмите: за делот од средствата кои ги обезбеди ЕБОР избрана е фирмата ГП ИЛИНДЕН, АД-Струга, додека за средствата обезбедени од Светска Банка избрана е фирмата ДГ БЕТОН, АД-Скопје, со кои е потпишан Договор за градба.

Средствата во висина од 600.000 EUR за изградба на оваа улица се обезбедени со донација од ЕБОР и Светска Банка.

Средствата во висина од 6.500.000,00ден. За плаќање на одземениот имот во постапката за експропријација, како и средствата за дислокација на инсталациите и изградбата на Атмосферската канализација, се обезбедени од буџетот на Општина Ѓорче Петров.

За изградбата на локалниот пат, согласно Законската регулатива, избрана е фирма за вршење на Стручен Надзор над градбата. Изборот е извршен согласно Законот за Јавни Набавки, при што е избрана фирмата ГИ-Македонија-Скопје

**Од Агенција за Финансиска Поддршка на Земјоделието и Руралниот Развој на РМ преку Скопски Плански Регион обезбедени се средства во висина од 2.000.000,00 ден, за изградба на дел од локалниот пат Стопански Двор према с.Свиларе. Градбата на патот на оваа делница е завршена, при што реконструиран постојниот пат во должина од 250m, so со нова конструкција на тампонски материјал и нов асфалтен слој.**

За изградбата на локалниот пат, согласно Законската регулатива, избрана е фирма за вршење на Стручен Надзор над градбата. Изборот е извршен согласно Законот за Јавни Набавки, при што е избрана фирмата ГИ-Македонија-Скопје

**Е. Во фаза на градба е кружниот ток на сообраќајниците Бул.Партизански Одреди и ул.Ѓорче Петров (кај комплексот Порта Влае) и продолжување на Бул.Партизански Одреди до кружен ток кај црква Св.Петар и Павле. Средствата за изградба ги обезбедува Град Скопје.**

**2. Изградба на пешачки патеки, тротоари и др. јавни површини**

2.1 Завршена е изградбата на автобуска постојка со проширување од двете страни на ул.Лука Геров во Ново Село кај ОУ Тихомир Милошевски, при што обновен е тротоарот, поставени се нови рабници за формирање на автобуската постојка и тротоарот, и целата површина е обработена со нов асфалтен слој. Изработена е атмосферска каналзиација за одводнување на левата автобуска постојка.

Средствата за оваа позиција се обзбедени од Буџет на Град Скопје и Општина Ѓорче Петров.

2.2 Поради немање средства во буџетот на општината, изработени се само пристапни паеки на ул.Социјалистичка Зора (Христо Батанџиев) како пристап до станбените објекти.

**V10. Детски градинки**

**481.230 Реконструкција на деловни објекти**

1. **Завршена е реконструкцијата на кровот на детската градинка Калинка во УЗ Мирче Ацев, при што целосно е обновена хидро и термо изолацијата, заменети се оштетените делови од дрвената конструкција и поставена е нова лимена покривка со сите потребни опшивки на страничните и калканските зидови.**

2. **Во целост е завршена реконструкцијата на објектот во УО Беровски, кој сега е пренаменет за детска градинка, при што во целост е извршена реконструкција на кровната површина, заменет е стариот дотрајан кров од салонит со нов лимен кров, поставена е хидро и термо изолација, променети се старите прозорци и врати, комплет е реновиран санитарниот чвор и е прилагоден за воздраста на децата, комплет се заменети подовите со нови современи соодветни за намената, поставени се грјни тела и поврзани со котлите за парно греење, поставени серазладни системи, уредена е кујнската просторија комплет со потребните апарати, однадвор во целост е изработена фасада( по сите прописи за ефикасна енергетска заштита), завршено е бојадисувањето на целиот простор и просторот во занималните е опреме со сета потребна опрема за потребите на децата.**

**Средствата за реконструкцијата се обезбедени од Буџетот на Владата на РМ преку Министерството за труд и социјслна заштита.**

**Надворешниот простор нс градинката во целост е уреде со нова бетонска и метална ограда, изработени се патеки и површини за играње на децата одпавер елементи, изградено е мало детско игралиште опремено со сите потребни реквизити, уредени се оформените површини со квалитетни садници и иститe се затрвени.**

**Средствата за целосното надворешно уредување се обезбедени од Буџетот на Општината.**

**LA. Подпрограма Спорт и рекреација(Капитални трошоци)**

**482.920 Изградба и одржување објекти за спорт и рекреација**

**1. Спортски терени-рекреација**

**1.1 Нови спортски терени**

**Во у.з. Мирче Ацев, на ул.Социјалистичка Зора(ул.Христо Батанџиев) завршена е изградбата на спортско повеќенаменско игралиште. Просторот околу игралиштето е уреден со изградба на зелени површини, пристапни патеки кои се обработени со павер елементи, поставени се канделабри за осветлување , извршено е засадување на 30 садници и поставена е мала фонтана за питка вода. Во уредениот простор поставена е чуварска куќичка и поставена е инсталација за изградба на санитарен јазол кој треба да се изгради во текот на наредната година. . Во кругот на паркот изградено е детско игралиште за најмладите, опремено со повеќе реквизити, лулашки, клацкалки,тобоган и тарзанка.**

Средствата за изградба се обезбедени од буџетот на РМ, преку Агенција за млади и спорт на РМ- за повеќенаменското игралиште, додека другите средства за уредување на просторот со новите соддржини се обезбедени од Буџет на Општина Ѓорче Петров.

**1.2 Во спортскиот центар Ѓорче Петров( пред надвозникот) изградено е посебно игралиште за деца со посебни потреби и пречки во развојот , опремено со посебни-наменски реквизити , и поставена специјална гумена подлога.**

**Средствата за изградба на ова игралиште се обезбедени преку донација од фирмата ТРАНСМЕТ, а дел од буџетот на општината.**

**1.4 Реконструкција на постоечки спортски терени**

**Извршена е реконструкција на повеќе спортски терени и тоа:**

1.4,1 **Во ОУ "Мирче Ацев„ заменети се таблите и обрачите на кошевите во салата и надворешното игралиште, и извршена е делумна поправка на жичаната ограда околу игралиштето.**

1.4.2 **Во ОУ "Страшо Пинџур" поправени се таблите на кошевите и обрачите.**
1.4.3 **Во ОУ "Тихомор Милошевски" извршена е поправка на дел од жичаната ограда на игралиштето, како и чистење на просторот околу истото.**

**2. Детски игралишта**

**Извршени се поправки на повеќе детски игралишта( во реонскиот парк-на двете детски игралишта) на игралиштето кај новиот кружен тек при што е извршена поправка на реквизитите( лулашки, клацкалки, промена на подлогата од песок и сл.).**

**- Во ПОУ „Јоаким Крчовски„ - мз Никиштане, завршена е реконструкција на детското игралиште, со промена на клацкалките, лулашките и др.**
**- во уз "Хром" извршена е поправката на реквизитите од детското игралиште.**

Средствата за реконструкција на спортски терени и одржување на детските игралишта се обезбедени од Буџет на Општина Ѓорче Петров за 2014год.

**3. Основни училишта**

Во текот на изминатиот период во основните училишта вршено е перманентно одржување на осветлувањето, водоводната и канализациона инсталација, дворните површини и сл. Пред почетокот на учебната година одвоени се средства и предадени на училиштата за поправки, бојадисување и слични поправки кои ќе овозможат непречено одвивање на наставниот процес.
Средствата се обезбедени од Буџет на Општина Ѓорче Петров.

3.1 Во ОУ Ѓорче Петров, извршена е реконструкција на старата просторија од кино салата со замена на подот со нови керамички плочки, заменета е подлогата од бината со нова, отоврена е нова врата за влез на деца за приредби, заменета е влезната врата со нова алуминиумска, поправени се скалите за качување на бината, целосно е сменето осветлувањето и и е прилагодено кон потребите за одрѓување на приредби, поставено е ново озвучување, целата просторија е модерно бојадисана, поставени се нови завеси на прозорците, и поставени се седишта од старото кино кои претходно се во целост репарирани и обновени.. Сега во училиштето пшостои просторија за кино претстави и за приредби со стотина седишта.
Средствата за реконструкција се обезбедени од Буџет на општината и од донација која ја обезбеди училиштето.

3.2 Во ОУ Ѓорче Петров исто така е извршена реконструкција на просторот за прехрана на децата. Целосно се преуредени просториите на кујната, магацинскиот простор, просторот за исхрана на децата и санитарните простории. Комплет се променти грејните тела-радијатори и извршено е бојадисување на сите простории. Исто така во целост е преуреден и ходникот и скалишниот простор, со што се доби целосно преуреден простор за престој и исхрана на децата во најсовремени услови.
Средствата за реконструкција на кујната со трпезаријата се обезбедиа одUSAID донација 70% и 30% од Буџет на општината.

3.3 Во ОУ Мирче Ацев целосно е завршена реконструкцијата на кровот при што извадени се салонитните табли, заменети се оштетените делови од дрвената конструкција, поставена е термо и хидро

изолација и поставена е нова лимена покривка на целата површина, вклучувајќи ја и спортската сала и прелазот од училиштето до спортската сала.

Средствата во целост се обезбедени од Влада на РМ преку Министерство за Образование и Наука.

3.4 Во ПОУ Јоаким Крчовски-с.Никиштане извршено е поплочување на дел од училишниот двор со павер елементи(делот пред влезот.

Средствата се обезбедени од Буџет на општината и донации на ОУ.

**JU. Изградба на системи за одводнување и пречистување на отпадни води**

**482.310 Подготовка на проекти вклучувајќи и дизајн за фекална и атмосферска канализација**

1. **Направени се повеќе проекти со ко-финансирање на Град Скопје и општинатакои се произлезени од законските обврски по основ на платен надомест за уредување на градежно земјиште.**

2. Завршена е изработка на Основни Проекти за канализациона мрежа за со одвоени пречистителни станици за с.Орман и с.Никиштане.

   Вкупно потребни средства за изработка на овие проекти изнесува 2.301.000,00 ден, од кои 800.000,00ден, се обезбедени од РМ преку Министерство за животна средина и просторо планирање, додека преостанатите 1.500.000,00ден., се обезбедени од Буџет на општината.
   По завршената постапка за јавна набавка, согласно законската регулатива, како најповолен проектант е избрана фирмата ГИ Македонија-Скопје, со кого е потпишан Договор за изработка на основните проекти.

**482.320 Изградба на фекална и атмосферска канализација.**

**А) FФекална канализација**

1. **Завршена е фаза на градба на секундарна канализациона мрежа** во с.Волково на делот од локалниот пат с.Волково-до ОУ Јоаким Крчовски во должина од 1000m. Во фаза на градба е делницата од ул.95 во с.Волково до локалниот пат с.Волково-ОУ Јоаким Крчовскиво должина од 1500m.

2. Завршена е градбата на фекална канализација во мз Кисела Јабука на улиците 2, 4 и 6, во должина од 620m.

3. Завршена е дел од канализационата мрежа-крак во Стопански Двор во должина од 220m.

Изборот на изведувачот е извршен согласно Закон за јавни набавки, при што како најповолен е избрана фирмата ЕНЕРГОМОНТ, со кого е потпишан Договор за градба.

Средствата за изградба на каналзиационата мрежа се обезбедени од Буџет на општината.

1.1 **Надзорот над градбата на фекалната канализациона мрежа,** согласно Закон за градба, го врши ГИ Македонија-Скопје(фирма избрана на тендер согласно Закон за јавни набавки).

Средствата за техничкиот надзор се обезбедени од Буџет на општината.

**JGO. Изградба на системи за водоснабдување**

**482.710 Подготовка на проекти вкључувајќи и дизајн за водоводна мрежа**

1. Направени се повеќе проекти со ко-финансирање на Град Скопје и општината кои се произлезени од Законските обврски по основ на платен надоместок за уредување на градежно земјишт, што ги изработи ЈП Водовод и канализација-Скопје.

1. **Завршена е изградбата на дел од водоводната мрежа на ул.2, ул.4 и ул.6 во мз Кисела Јабука со кружно поврзување на истите.**
Изборот на изведувачот е извршен согласно Закон за јавни набавки, при што како најповолен е избрана фирмата ЕНЕРГОМОНТ, со кого е потпишан Договор за градба.
**Надзорот над градбата на фекалната канализациона мрежа,** согласно Закон за градба, го врши ГИ Македонија-Скопје(фирма избрана на тендер согласно Закон за јавни набавки).
Средствата за изградба се обезбедени од Буџет на општината.

2. **Завршена е изградбата на дел од водоводната мрежа - 4 краци на ул.81 во с.Волково, со преостанатите средства од проектот на Светска Банка.**

**ЈА. Изградба на јавно осветлување**

**482.810 Подготовка на проекти на капацитети од енергетика**
**(ННелектрична мрежа и топлификациона мрежа)**

- Направени се повќе проекти и со ко-финансирање на градот Скопје и кои се произлезени од Законските обврски по основ на платени надоместоци за уредување на градежно земјиште.

**482.820 Изградба на објекти од енергетиканиско-напонскаелектрична и топлификациона мрежа**

1. Направени се повеќе приклучоци на објекти со ко-финансирање на Град Скопје и општината кои се произлезени од Законските обврски по основ на платени надоместоци за уредување на градежно земјиште.
2. Извршена е дислокација на нн и вн електро мрежа за за проширување на локалниот пат с.Волково-ОУ Јоаким Крчовски.
Средствата се обезбедени од Буџет на општината.

**482.930 Реконструкција на објекти од енергетика (нисконапонска и топлификациона мрежа)**

1. На магистралните и собирни улици Градот врши замена на светилките, бидејќи одрѓувањето на овие улици е во надлежност на Град Скопје.

2. На локалните улици и јавни површини во надежност на општината во функција се околу 3.500 светилки од различни типови.

За исправноста на светилките и линиите за јавното (улично) осветлување се грижи Сектор за урбанизам- Одделение за инвестиции и тековно одржување.

Одделението интервенира секојдневно, **по пријави од граѓани** (телефонски или усмено) **регистрирани во пријавна листа за интервенции** или **писмени барања од група граѓани**, доставени преку Архива(службено).
По пријавната листа се врши **замена на не исправните електроелементи (светилки, пригушници, фасонки итн).,** а по барањата**,** но по претходно извршена анализа за потребните финансиски средства, се поставуваат нови линии за улично осветлување, согласно барањата.
На територијата на општината просечно дневно се вршат над 30 интервенции на светлечки места, штопретставува околу 1% од вкупниот број на светилк, при што е извршена замена на сијалици, пригушници, фасонки и други електроелементи.

Во изминатиот период од годинава извршено е следното:

1.Прправка или промена на светилки;

- Живина 125w............................................................................... 0
- Живина 250w............................................................................... 12
- Обични 60 w.......................................................................... ... 0
- Метал Халоген 400w.................................................................. 62
- Флуо 55w.......................................................................................49
- Штедливи 11 w...............................................................................25
- Штедливи 18 w...............................................................................31
- Штедливи 40w............................................................................ 2177
- Штедливи 70w..................................................................................4
- Штедливи 100w............................................................................ .29
- Сијалица VTF 250W.......................................................................28
- Заменска сијалица 150w ................................................................ 4
- Заменска сијалица 250w.................................................................38

----------------------------------------

Вкупно: 2459

Оваа количина на променети светилки пресметано со бројот на работните денови изнесува 12 променети светилки на ден, односно интервенции на ден.

1. Флуоресцентни цеви и стартери od 18 do 36 w..........................................1372
2. Заштитно стакло200W.......................................................................... 614
3. Сенил вкупно....................................................................................145
4. Фасонкивкупно...................................................................................329
5. Рефлектори (50W , 70W и 100W) вкупно...................................................44
6. Флуо-Арматури, Вандерми вкупно................................................. 158
7. Електрични склопки (32А, 40А, 63А)вкупно и Грбенасти склопки......... 47
8. Затегачи вкупно............................................................................... 233
9. Обрачи вкупно.................................................................................. 5
10. Поцинкована лента 2N30x4.................................................................. 125
11. Форел со сонда и тајмер.................................................................... .35
12. Метални столбови-канделабри вкупно....................................................14
13. Дрвени столбови до7m вкупно .............................................................. 2
14. Кабел PGP 3x1,5mm$^2$ 5x2,5 мм$^2$ /m$^1$................................................ .520
15. Кабел од разни профили m$^1$............................................................ 6105
16. Друг електро материјал како осигурувачи, стеги, жица, стартер, прекинувачи и др. е евидентирано во градежните дневници и книги.

За извршените работи Одделението води обемна документација (градежни дневници, градежни книги, фактури и сл). Во градежните дневници внесени се податоци **за секој ден**, кога, на кои локации (улици) и какви електороматеријали се потрошени. **Комисијата за комунални работи** може да добие информации и да изврши увид за поединечни работи и периодично.

Нови линии, или реконструкција на линии за улично осветлување, поставени се на:

- крак на ул.51 во Стопански Двор
- на ул.52 во Стопански Двор( кабловници за ново улично осветлување)
- на локалниот пат Волково-Орман(делница до ОУ Јоаким Крчовски)
- во реонски парк дислокација (поради изградба на Орштинскиот објект)
- на ул 70во с. Волково

- на ул 72 во с. Воково

- Интервенции на поедини линии поради неизолирани проводници и несоодветен пресек на жиците поради прекината линија од ветер, снег и др., извршена е реконструкција, односно замена на проводниците(петта жица) на повеќе улици во руралниот дел на општината. Заменети се и подземни кабли поради оштетувања во уз Дексион.

Одделението интервенира и се грижи и за осветлувањето на објектите за кои е надлежна општината, како: спортски игралишта, детски игралишта, дворовите на градинките и основните училишта, урбани и месни заедници и паркот.

Во извештајот, збирно дадени се потрошените електроматеријали и друга опрема за извршените работи.
Средствата се обезбедени од буџетот на Општина Ѓорче Петров.

---

**JZ. Јавно осветлување- поправка и тековно одржување**

**424.390 Одржување на други градби**

**1. Во текот на изминатиот период редовно е вршено одржување на часовникот и дисплејот во градскиот парк, со фирма претходно избрана согласно Закон за јавни набавки, при што е избрана фирмата ГЕО ХАЈД.**
**Средствата се обезбедени од Буџетот на Општината.**

**2. Фонтаните, пумпните построенија и резервоарите, редовно се се одржувани со фирмата избрана за таа намена, согласно Закон за јавни набавки, при што е избрана фирмата Турбо Инженеринг. Во текот на овој период извршена е замена на одредени пумпи кај бунарите и вградени се нови пумпи во пумпната станица во с.Кучково. Поради работа во реонскиот парк на Општинскиот објект, оваа година фонтаните не беа пуштени во работа.**
**Средствата одржување се обезбедени од Буџетот на Општината.**

**3. За новогодишното украсување на повеќе улици и јавни површини во општината, во 2013/2014год. Беа потрошени средствата во висина од 1.000.000,00ден што беа обезбедени од Буџетот на Општината.**

**III ПРОГРАМА ЗА КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ**

**I Под Програма J.O. одржување на урбана опрема**

**424.440 Поправки и одржување на урбана опрема**

- Реконструирани се повеѓе парковски клупи и корпи за смет, заменети се даски 153 на оштетени клупи и 320 штрафови, извршена е поправка на корпите за отпадоци и други активности на територијата на општината. Фирмата за одржувањето на опремата е избрана согласно законот за јавни набавки, при што како најповолна е избрана фирмата ФИНА дооел-Скопје.

**II Под Програма J.N. Урбана опрема(капитален расход)**

**480.190 Набавка на урбана опрема**

- Извршена е набавка и поставување на нови 70 парковски клупи и 48 корпи за отпадоци кои се поставени на повеќе локации на општината. Постојано се одржувани постојните клупи со промена на скршени или оштетени даски, промена на штрафови, бојадисување на клупитеи поправка на постојните канти за смет.

| Ред.број | Локација на поставување | КЛУПИ | КАНТИ ЗА СМЕТ |
|---|---|---|---|
| 1. | Алкалоидска зграда | 2 | 1 |
| 2. | Спортска сала Ново Село | / | 4 |
| 3. | Детско игралиште на Социјалистичка Зора | 2 | 1 |
| 4. | Болница св. Лазар | 5 | 5 |
| 5. | Последна станица на 4 Хром | 4 | 2 |
| 6. | На просторо кај Пошта | 5 | 4 |
| 7. | УЗ Хром испред згради | 2 | 1 |
| 8. | Хром градинка- игралиште | 2 | 1 |
| 9. | Хром игралиште кај Панко | 1 | / |
| 10. | Хром кај кружен ток | / | 3 |
| 11. | Хром на ул. Исае Маџоски | 6 | 6 |
| 12. | Хром на насп | 2 | 1 |
| 13. | УЗ Даме Груев испред згради кај новиот паркинг | 2 | 2 |
| 14. | Старски дом во Волково | 2 | / |
| 15. | Игралиште пред надвозник | 6 | / |
Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров -(Пречистен текст), (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/13), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Програма за урбано планирање „Ф“ на Општина Ѓорче Петров за 2015 година**

Се објавува Програмата за урбано планирање „Ф“ на Општина Ѓорче Петров за 2015 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Дваесетишесттата Седница на Советот, одржана на ден 30.10.2014 година.

**Број 08-4600/10**
**од 30.10.2014 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 36 и 62 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), член 17 став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр. 51/05, 137/07 і 91/09), член 46 од Законот за градежно земјиште ("Службен весник на РМ" бр. 82/08 и 143/08) и член 16 став 1, точка 15 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-(Пречистен текст) ("Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/13 ), Советот на Општина Ѓорче Петров на 26-тата Сединца одржана на 30.10.2014 година донесе:

# П Р О Г Р А М А
# ЗА УРБАНО ПЛАНИРАЊЕ "Ф"
# НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ ЗА 2015 ГОДИНА

**ВОВЕД**

**ПРОГРАМА ЗА УРБАНО ПЛАНИРАЊЕ " Ф " се состои од следните подпрограми**

**I Ф.1 ПОДПРОГРАМА ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ**

**II Ф.2 ПОДПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ (тековно-оперативни трошоци)**

**III Ф.3 ПОДПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОР ВО РУРАЛНИ ПОДРАЧЈА (тековно-оперативни трошоци)**

**IV Ф.А ПОДПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ (капитални трошоци)**

**IV Ф.Д ПОДПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ ПРОСТОР ВО РУРАЛНИ ПОДРАЧЈА ( капитални трошоци)**

**СИТЕ ПРИХОДИ НА ПРОГРАМАТА ЗА УРБАНО ПЛАНИРАЊЕ ПО СИТЕ ОСНОВИ ИЗНЕСУВААТ**

ПРИХОДИ:

| Категорија | Ставка | Основна ставка | Под ставка | Видови приходи | Износ во денари 2015 | Структура % |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| | | | | **ВКУПНО ПРИХОДИ** | **67.660.000** | |
| **71** | | | | **Даночни приходи** | **45.660.000** | |
| | **717** | | | **Даноци на специфични услуги** | **45.660.000** | |
| | | **7171** | | **Комунални даноци** | **45.660.000** | |
| | | | 717137 | Надоместок за уредување на градежно земјиште | 43.252.500 | |
| | | | 717119 | Други приходи по основ на комунални дејности (побарување од Градот од 1997год.) | 407.500 | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 717129 | Други комунални такси | 2.000.000 | |
| **72** | | | | **Неданочни приходи** | **1.500.000** | |
| | **725** | | | **Други неданочни приходи** | **1.500.000** | |
| | | **7259** | | **Други неданочни приходи** | **1.500.000** | |
| | | | 725939 | Останати неданочни приходи | **1.500.000** | |
| **73** | | | | **Капитални приходи** | | |
| | **733** | | | | | |
| | | **7331** | | **Продажба на земјиште и други нематеријални вложувања** | | |
| | | | 733144 | Надоместок за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти | | |
| **74** | | | | **Трансвери и даноци** | **1.000.000** | |
| | **741** | | | **Трансвери од други нивоа на власта** | | |
| | | 7412 | | **Трансвери од други нивоа на власта** | | |
| | | | 741211 | Капитални трансвери од други нивоа на власта | | |

**Овие вкупни приходи се распоредуваат во потпрограмите "Ф1, Ф.2, Ф.3, Ф.А и Ф.Д"**

## I Ф.1 ПОД-ПРОГРАМА ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ

### ВОВЕД:

Тековно - оперативните трошоци за урбанистичко планирање се наменети за подготовка на урбанистички планови. За таа цел се донесува годишна програма за изработка на:

- Детални урбанистички планови
- Урбанистички планови за село
- Урбанистички планови вон населено место

Под-Програмата за урбанистичко планирање се финансира од следните извори на средства:

**П Р И Х О Д И**

| Група 1 | Под група 2 | Основни сметки 3 | ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ 4 | Износ во денари 2015 5 | Структура % 6 |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **20.860.000** | |
| **71** | | | **ДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | **10.860.000** | |
| | **7171** | | **Комунални даноци** | **10.860.000** | |
| | | 717137 | Надоместок за уредување на градежно земјиште (дел) | 10.860.000 | |
| **72** | | | **НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | **1.500.000** | |
| | **7259** | | **Други неданочни приходи** | **1.500.000** | |
| | | 725939 | Останати неданочни приходи | 1.500.000 | |
| **73** | | | **КАПИТАЛНИ ПРИХОДИ** | **8.500.000** | |
| | **7331** | | **Продажба на земјишта и други нематеријални вложувања** | **8.500.000** | |
| | | 733144 | Надоместок за утврдуваењ на правен статус на бесправно изградени објекти | 8.500.000 | |

**ТРОШОЦИ ЗА ИЗГОТВУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ**

**Р А С Х О Д И**

| Група | Под група | Основни сметки | Оддел | Видови на расходи | Износ во денари 2015 | Структура % |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| **42** | | | | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **20.860.000** | |
| | **4256** | | | **УСЛУГИ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ** | **20.360.000** | |
| | | 42564 | | ИЗРАБОТКА НА ДЕТАЛНИ И ДРУГИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ | 20.360.000 | |
| | | | | Урбанистички планови од претходни програми | 14.360.000 | |
| | | | | Изработка на Дупови согласно нов ГУП на Град Скопје | | |
| | | | 1. | Изработка на Блок С3 (пренос од пред. Год) 01,02,05,07,09,10,17,20,21, 24,25 и 27 | 9.860.000 | |
| | | | 2. | Изработка на урбанистички планови за:<br>- УПС Ново Село, (пренос од пред. Год<br>- УПС Никиштсне и<br>- УПБНМ Веле Поле | 4.500.000 | |
| | | | 3.<br>4. | УПС за с. Волково( со проширување 239ха)<br>УПС за Кисела Јабука (93 ха) | 4.500.000<br>1.500.000 | |
| | **4259** | | | **ДОГОВОРНИ УСЛУГИ** | **500.000** | |
| | | 425990 | | Други договорни услуги | 500.000 | |

**II Ф.2 ПОД-ПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ**

**III ф.3 ПОД-ПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОР ВО РУРАЛНО ПОДРАЧЈЕ**

**ПОД-ПРОГРАМИТЕ Ф.2 И Ф.3** ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ И УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОР ВО РУРАЛНО ПОДРАЧЈЕ СЕ ФИНАНСИРААТ ОД СЛЕДНИТЕ ИЗВОРИ НА СРЕДСТВА

**П Р И Х О Д И**

| Гру па | Под група | Основни сметки | Оддел | Видови на расходи | Износ во денари 2015 | Структура % |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| | | | | **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **11.500.000** | |
| **71** | | | | **ДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | | |
| | **7171** | | | **КОУНАЛНИ ДАНОЦИ** | **11.500.000** | |
| | | 717137 | | Надоместок за уредување на градежно земјиште (дел) | **11.500.000** | |

**ПРОГРАМИРАНИ ТРОШОЦИ ПО ПОД-ПРОГРАМИ - Ф.2 и .Ф.3**

**Р А С Х О Д И**

| Гру па | Под група | Осно вни сметки | Оддел | Видови на расходи | Износ во денари 2015 | Структура % |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| | | | | **ТЕКОВНО ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ** | **11.500.000** | |
| **42** | | | | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **11.500.000** | |
| | **4211** | | | **Комунални услуги** | **5.000.000** | |
| | | 421190 | 1. | Други комунални такси и услуги | 5.000.000 | |
| | **4243** | | | **Поправки и одржување на други градби** | **500.000** | |
| | | 424390 | 2. | Одржување на други градби | 500.000 | |
| | **4259** | | | **Други договорни услуги** | **3.000.000** | |
| | | 425940 | 3. | Расходи за рушење објекти | 3.000.000 | |
| | **4269** | | | **Други оперативни расходи** | **2.000.000** | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 42699 0 | 4. | Други оперативни расходи (геодетски работи) | 2.000.000 | |
| Ф3 | | 421130 | 5. | Расходи за ѓубретарина | 1.000.000 | |

## IV. Ф.А ПОД-ПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ (Капитални трошоци)

**ВОВЕД**

Со оваа Под-Програма, а согласно член 43 од Законот за градежно земјиште, Општина Ѓорче Петров врши уредување на градежното земјиште во рамките на подрачјето утврдено со Генералниот урбанистички план и важечките детални урбанистички планови.

ИЗВОРИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ

**Под-Програмата Ф.А** се финансира од следните извори за

финансирање: **ПРИХОДИ**

| Гру па | Под група | Основни сметки | Оддел | Видови на приходи | Износ во денари 2015 | Структура % |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| | | | | **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **20.300.000** | |
| **71** | | | | **ДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | **20.300.000** | |
| | **7171** | | | **КОМУНАЛНИ ДАНОЦИ** | **20.300.000** | |
| | | 717137 | | Надоместок за уредување на градежно земјиште | 19.892.500 | |
| | | 717119 | | Други приходи по основ на комунални дејности (побарување од Град Скопје од 1997 год.) | 407.500 | |

**ТРОШОЦИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПОД- ПРОГРАМАТА Ф.А**

**РАСХОДИ**

| Гру па | Под група | Основни сметки | Оддел | Видови на приходи | Износ во денари 2015 | Структур а |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | **6** | **7** |
| **48** | | | | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **20.300.000** | |
| | **4821** | | | **Улици и патишта** | **9.000.000** | |
| | | | | **Изработка на проекти, изградба на објекти и реконструкција на објекти од комунална изфраструктура која е во надлежност на Градот Скопје и Општина Ѓорче Петров, за исполнување на договорните обврски кон корисниците - сопствениците на градежно земјиште 60% за Град Скопје и 40% за Општина Ѓорче Петров** | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 482110 | Подготвување на проекти вклучувајќи дизајн на улици, пешачки патеки, плоштади и други јавни површини (проект за паркинг кај пазарче) | | 1.500.000 | |
| | | 482120 | | **Изградба на улици, пешачки pateki, плоштади и други јавни povr{ini** | **7.500.000** | |
| | | | | Обработка на јавни површини со префабрикувани елементи | 3.000.000 | |
| | | | | - Изградба на пристапни патеки по барање на УЗ и МЗ<br>- пристапна патека во УЗ Хром<br>- пристапни патеки на ул Социјалистичка Зора<br>- пристапна патека на ул. 4ти Јули<br>- пристапни патеки во УЗ Дексион<br>- Други јавни површини и патеки | | |
| | | | | **Изградба на улици** | 4.500.000 | |
| | | | | - ул. Лука Геров крак 1,2,3,4 и 18<br>- ул.Лука Геров ( проширување на автобуски постојки)<br>- Ул. 7 Ѓорче Петров<br>- Ул. Гостиварска,<br>- Ул. Наум Чакарев<br>- Ул. Јосиф Ковачев ( преку 2014г) | 4.500.000 | |
| | **4823** | | | **Пречистителни станици и колектори** | **3.300.000** | |
| | | 482310 | | Подготвување проекти вклучувајќи и дизајн за фекална и атмосферска канализација | 300.000 | |
| | | 482320 | | Изградба на фекална и атмосферска канализација | 3.000.000 | |
| | **4827** | | | **Капацитети за водоснабдување** | **2.300.000** | |
| | | 482710 | | Подготвување проекти вклучувајќи и дизајн за водоводна мрежа | 300.000 | |
| | | 482720 | | Изградба на водоводна мрежа | 2.000.000 | |
| | **4828** | | | **Изградба на капацитети во енергетика** | **1.000.000** | |
| | | 482820 | | Изградба на објекти од енергетика Ниско-напонска електрична и топлификациона мрежа | 1.000.000 | |
| | **4829** | | | **Изградба на други објекти, улично осветлување и јавно зеленило** | **2.700.000** | |
| | | 482910 | | Подготвување на проекти на други објекти (јавно осветлување и јавно зеленило ) | 200.000 | |
| | | 482920 | | Изградба на други објекти (улично осветлување и јавно зеленило ) | 1.000.000 | |
| | | 482930 | | Реконструкција на други објекти (јавно осветлување и јавно озеленување ) | 1.000.000 | |
| | | 482940 | | Надзор над градба | 500.000 | |
| | **4854** | | | **Надомест за одземен имот** | **2.000.000** | |
| | | 485420 | | Надомест за одземен имот | 2.000.000 | |

I. Во рамките на реализацијата на Под-Програмата Ф.А предвидено е да се реализираат и следните позиции кои се 100% стари обврски на Градот Скопје, врз основа на 100% прибран надоместок за уредување на градежно земјиште.

1. Ул. Мајски Манифест од ул.Ѓ.Салај до ул.А.Демниевски, извод. 369/95 расчистување.
2. Изградба на дел од ул. Македонска Преродба со паркинг во МЗ Мирче Ацев, ( позади објектот на ул. 4-ти Јули чиј инвеститор бил ЈП ССДП, извод за улицата 135/96,извод за паркингот 314/96.
3. Дел од ул. Македонска Преродба со паркинзи кај станбени објекти спроти Црквата во М.З. Ѓорче Петров - расчистување.
4. Ул. Социјалистичка Зора.- трошоци за експропријација
5. Дел од ул. Сремски Фронт (од ул. Мечкин Камен до ул. 4-ти Јули, расчистување).
6. Дел од ул. Ѓорѓи Казепов.
7. Изградба на ул.Австралиска;
8. Изградба на ул.Антон Чехов;

II. Во рамките на реализацијата на Подпрограмата Ф.А предвидено е да се реализираат и следните позиции кои се 100% обврска на Градот Скопје, произлезенаа од надлежностите на Градот дефинирани со Законот за Град Скопје.

1. Регулација и уредување на кејот и насипот на р. Вардар на територијата на Општина Ѓорче Петров согласно ГУП.
2. Регулација на р.Лепенец на територијата на Општина Ѓорче Петров
3. Изградба на бул. Македонска Војска.I фаза I делница (спој со надвозник Лука Геров) и комплет II фаза
4. Довршување на улица 4-ти Јули i izvedba na uli~no osvetluvawe
5. Изградба на булевар Илинденска
6. Изградба на булевар Црногорска
7. Изградба на ул. Сремски Фронт
8. Изградба на ул. Лепенец
9. Изградба на ул. Тиранска
10. Довршување на бул. Партизански Одреди до ул. 4-ти Јули
11. Изградба на мост на р. Лепенец и дел од бул. Црногорска на потегот од село Бардовци до надвозникот за населба Даме Груев
12. Доизградба на ул. Алексо Демниевски
13. Ул.Шарпланинска
14.

## ОБВРСКИ НА ГРАДОТ И ОПШТИНАТА ПО ОСНОВ НА ПЛАТЕН НАДОМЕСТОК ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕ`НО ЗЕМЈИШТЕ (60% СО 40%)

### 3. РАСЧИСТУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ

Расчистувањето на градежното земјиште е со цел да може да се изврши опремување на земјиштето градежната парцела со објекти од комуналната инфраструктра. Под расчистување на градежното земјиште се смета:

- Предлог - надоместот за експроприраните недвижнини што ќе се експроприраат , се определува по пазарна вредност согласно недвижноста.

- Решавање на имотно правните односи со сопствениците на земјиштето и објектите, каде треба да се изведат инфраструктурните објекти.

- Уривање на постојните градежни и други објекти кои се наоѓаат на градежното земјиште каде треба да се изведат инфраструктурните објекти, (селидба на сопствениците со пренесување на покуќнината и опремата, уривање на објектите со транспорт на материјалот од уривањето до депо ).

- Предлог - надоместок за одземените насади и посеви на земјиштето се определува врз основа на елементите со помош на кои според движењата на пазарот се утврдува нивната пазарна цена, доколку не влегле во пазарната вредност на земјиштето.

Висината на предлог надоместот за објект кој заради својата природа не е во промет и за кој не се формира пазарна цена (бунари, огради, ѕидови и сл.), се определува според пазарната вредност на материјалот и работната рака потребна за изградба на таков објект, намалена за соодветниот износ на амортизација;

- Трошоците за селидба на сопствениците, со пренесување на покуќнината и опремата и уривањето на експроприраните објекти, се пресметуваат со тековни цени.

## 4. ОБЕМ И СТЕПЕН НА ОПРЕМУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ СО ОБЈЕКТИ НА ОСНОВНАТА И СЕКУНДАРНАТА ИНФРАСТРУКТУРА

Под обем на уредување на градежното земјиште се подразбира изградба на објекти од инфраструктурата, заради непречен пристап до градежната парцела од јавен пат, поставување: водоводна, канализациона ( фекална и атмосферска ) до приклучна шахта, НН електрична мрежа до приклучен орман, топлификациона мрежа со приклучна последна шахта и друга инсталација со приклучоци до градежната парцела.

Уредувањето на градежното земјиште може да биде извршено целосно или делумно, во минатиот период или во моментот кога се уредува.

Под степен на уреденост на градежното земјиште се подразбира, обемот на опременост на земјиштето со објекти од комунална инфраструктура за задоволување на заедничката и индивидуалната комунална потрошувачка, до границите на градежната парцела:

**а.)** Објекти на комуналната инфраструктура што служат за заедничка комунална потрошувачка, за кои се реализирани или ќе се реализираат следните активности:
- изградба на улици, тротоари, пешачки и други површини согласно урбанистички планови;
- изградба на непречен пристап до градежната парцела од јавен пат;
- изградба на секундарни атмосферски канализациони мрежи до последната шахта;
- изградба на улично осветлување;
- изградба на јавно зеленило;

**б.)** Објекти на комуналната инфраструктура што служат за индивидуална комунална потрошувачка, за кои ќе се реализираат следните активности:
- изградба на секундарна водоводна мрежа до водомерна шахта;
- изградба на секундарна фекална канализациона мрежа до последната шахта;
- изградба на секундарна топлификациона мрежа до и со последната шахта;

Трошоците за уредување на градежното земјиште, до градежната парцела,на градски сообраќајници ги сноси Градот Скопје во целосен износ , а на Општинските сообракајници Општината Ѓорче Петров во целосен износ, со едно приклучно место за секој објект од инфраструктурата за една градежна парцела.

Целосното уредување на градежното земјиште, се врши по обезбедувањето на имотно - правни и технички услови и материјални средства.

## 5.ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ И НЕГОВАТА РАСПРЕДЕЛБА

Висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште се пресметува на следниот начин.

За расчистување на градежни парцели каде ќе се градат објекти од комунална инфраструктура за индивидуална и заедничка комунална потрошувачка, за проектирање и изградба на објекти од комунална инфраструктура, пречистителна станица и уредување на заедничкиот градски простор, се наплатува надоместок за уредување на градежно земјиште по упросечени трошоци на ниво на Град и Општина Ѓорче Петров, врз основица изразена во денари/м2 нето изградена површина, пресметана согласно Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комунална инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степеност на уреденост ("Сл. Весник на РМ" бр. 93/11;65/12;75/12 и 98/12 год)

За секој вид простор неопфатен со одредбата на став 1 на овој член, надоместокот ќе се пресметува по аналогија, како за просторот опфатен со Правилникот од претходниот став

Просториите со нето висина до 2,50 м ' кои се пресметуваат со коефициент 0,2 согласно Правилникот, се однесуваат само на простории во подкровје („Сл. Весник на РМ" бр. 93/11;65/12;75/12 и 98/12 год.), а површината на просторот во подкровје каде висината е 2,50 м и поголема, се пресметува со коефициент 1,0.

- Доколку во подкровниот простор се појават повеќе нивоа, претходниот став важи само за последното ниво сметано од долу нагоре.

- За сите простории опфатени со Правилникот наведени во став 1 - се пресметува надоместокот за уредување на градежното земјиште и тоа:

а.) Дел на надоместокот за изградба на објекти од комуналната инфраструктура за заедничка комунална потрошувачка и пречистителна станица, основните комуналии и подобност (бонитет) на локалитетот.

б.) Дел од надоместокот за уредување на градежното земјиште за изградба на објекти од комуналната инфраструктура од индивидуална потрошувачка, според намената која е дефинирана во техничката документација, заверена од Општина Ѓорче Петров

Висината на основицата за одредување на упросечените трошоци што ќе се наплатуваат односно исплатуваат на ниво на Општината, еднаква е на висината на основицата утврдена на 01.01.2015 год, а ќе се усогласува согласно индексот на пораст на цени на мало добиени од Државниот завод за статистика.

5.1. Висината на упросечените трошоци за расчистување на градежни парцели каде ќе се градат објекти од комуналната инфраструктура, проектирање и изградба на објекти од комуналната инфраструктура за заедничка потрошувачка (основни комуналии и погодност - бонитет на локалитетот - комплексот), каде се гради или е изграден станбен, јавен, деловен, производен и друг простор што се утврдува како процентуален дел од основицата, се определува со Под-Програмата Ф.А, како е дадено во следниот преглед:

**ТАБЕЛА"А"**

| | КОМПЛЕКСИ | основни комуналии + пречистителна | Погодност - бонитет на локалитет (комплекс ) | |
|---|---|---|---|---|
| | | | станбен простор | деловен или друг простор |
| | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 1 | Дел-2 | 20 % | 2% | 8% |
| 2 | Дел - 3 | 18 % | 1.5% | 4% |
| 3 | Дел - 4 | 16 % | 1% | 2% |

Усогласувањето на висината на основицата во текот на годината, постојано се врши согласно индексот за движењето на цените на мало, утврден во Државниот завод за статистика, а за месеците за кои не е објавен, се применува последниот објавен индекс.

За сите ненавремени наплати и исплати извршени или што се вршат според Под-Програмата Ф.А за тековната година, се применува индексот за движење на цените на мало од Државниот завод за статистика. За месеците за кои не е објавен, се применува последниот објавен индекс.

За финансирање на расчистување, проектирање и изградба на пречистителна станица за отпадни води на ниво на Град и сите општини во градот, ќе се одвојува процентуален дел во висина од 1 % презентиран во колона 2 од ТАБЕЛА "А". Овие средства ќе се наплатуваат на посебна сметка за оваа намена.

„За финансирање и расчистување, проектирање и изградба на катни гаражи и паркинзи, каде согласно Законот за градежно земјиште не може да се изведе паркирање во рамките на урбанистичката парцела, ќе се одвојува процентуален дел во висина од 7% од висината на основицата утврдена во точка 5 од оваа Програма.Овие средства ќе се наплатуваат на посебна сметка за оваа намена, согласно Одлуката на Советот на Општина Ѓорче Петров објавена во „Сл.гласник на Град Скопје" бр.7/2004."

5.2. За надоместување на направените трошоци во расчистувањето на градежни парцели, каде ќе се градат или се изградени објекти од комунална инфраструктура, како и за проектирање и изградба на секундарни водови и објекти од комунална инфраструктура од индивидуална потрошувачка, од сопственикот односно корисникот на земјиштето се наплатуваат упросечени трошоци во процентуален износ од утврдената основица, согласно условите и согласностите за приклучување, приложени на денот на склучување на договорот за надоместок за уредување на градежно земјиште и тоа како следува:

а. Водоводна мрежа ............................................................... 1,50 %
б. Фекална канализациона мрежа.................................... 1,50 %
в. Топлификациона мрежа..................................................... 3,20 %

Сопственикот - корисникот на градежното земјиште мора да обезбеди согласност за приклучување на објектот на соодветната секундарна мрежа за индивидуална потрошувачка од соодветното комунално претпријатие и без согласност на Општината не може да се приклучи на инфраструктурните мрежи и објекти во градот. Доколку не добие писмена согласност од комуналното претпријатие Општината Горче Петров ќе склучи договор за регулирање на надоместок за уредување на градежно земјиште, само за оние секундарни мрежи од индивидуална потрошувачка за кои има писмена согласност.

По добивањето на дополнителната согласност, со Анекс- договор се регулира надоместокот за уредување на градежно земјиште за таа секундарна мрежа од индивидуална потрошувачка, која се налатува по упросечени цени.

На една градежна парцела може да има само еден објект. Доколку на една градежна парцела покрај предвидениот објект со ДУП, веќе постои објект, корисникот на земјиштето е должен да го урне веќе постојниот објект, до добивање на употребна дозвола .

## 6. НАЧИН НА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВАТА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ ЗА ИЗГРАДБА И ОДРЖУВАЊЕ НА ИНФРАСТРУКТУРАТА

За висината на надоместокот за уредување на градежното земјиште, се склучува договор за регулирање на надоместок за уредување на градежно земјиште во писмена форма директно помеѓу корисникот - сопственикот на земјиштето од една страна и Општина Ѓорче Петров од друга страна.

За локалитет за кој не е донесен ДУП а влегува во границите на градежниот реон одреден со ГУП, ќе се наплати надоместок за уредување на градежно земјиште, во согласност со намената на ГУП по доставена писмена согласност од Општината дека упатената техничка документација (урбанистички проект) од Подрачната единица на Министерството за транспорт и врски е во согласност со ГУП, ја прифаќа Општината и ќе ја вгради во ДУП при неговото донесување.

За да се склучи договор, корисникот - сопственикот е должен да достави во оригинал или заверена: проектна документација, хидротехнички услови за приклучување од уличната

мрежа до приклучната шахта од ЈП "Водовод и канализација " и енергетски согласности издадени од АД "ЕВН " - Подружница "Електро Скопје " и АД "Топлификација" - Скопје и се составен дел на договорот.

Кога корисниците на земјиштето ќе изградат поголема површина од онаа во Основниот договор, должни се за разликата која ќе се јави да склучат Анекс-договор согласно на ДУП кој е во важност во моментот на склучување на Анекс-договорот, што е услов локалната самоуправа да му ги исполни целосно договорните обврски кога ќе се создадат правни, технички и материјални услови. Кога корисниците на земјиштето изградат поголема површина од онаа во Основниот договор, а вкупно изградената површина неможе да се вклопи во ДУП кој е во важност, локалната самоуправа нема да ги исполни договорните обврски.

Надоместокот за уредување на градежното земјиште за пренамена од станбен во друг вид простор, се наплатува еднократно, според усвоената табела за погодност - бонитет на локалитетот (комплексот), а средствата се неповратни.

Надоместекот за уредување на градежното земјиште за пренамена од друг вид простор (јавен, деловен, производен и друг ) во станбен простор, не се наплатува и не се враќа.

При регулирање на надоместокот за уредување на градежно земјиште, корисникот на земјиштето е должен во целост да го измири надоместокот за уредување на градежно земјиште за индивидуална потрошувачка, за делот од објектите од индивидуална потрошувачка на која се приклучува, кои се изградени после формирањето на Фондот за комунално уредување на градежно земјиште (воколку недокаже со документација дека истиот го регулирал.

Во случај кога градежното земјиште делумно ќе се уредува или воопшто не ќе се уредува, корисникот на земјиштето плаќа надоместок до висината на трошоците за делумното уредување на земјиштето - делумен надоместок или воопшто неплаќа надоместок.

Во случај кога градежното земјиште е уредено со изградена основна инфраструктурна мрежа, а во локалитетот каде се наоѓа градежната парцела нема донесено ДУП и не е целосно изградена инфраструктурата, а корисникот на земјиштето инсистира сам да ја гради секундарната инфраструктурна мрежа согласно оверена техничка документација за градење на инфраструктурните објекти со свои средства, должен е на Градот и Општина Ѓорче Петров да им надокнади за порано направените трошоци за изградените основни инфраструктурни мреживо висина од 33% од надоместокот за уредување на градежно зејиште одреден во ГЛАВА-5. точка 5.1. и 5,2. да овозможи на идните корисници на земјиштето приклучување на инфраструктурните мрежи без да му платат надомест за инфраструктурната мрежа што ќе ја гради сам; да биде технички примена од соодветното комунално претпријатие и даја предаде на локалната самоуправа без надомест.

За објекти за кои до донесување на Законот за Градот Скопје, помеѓу корисникот на земјиштето и Градот Скопје се склучени договори за надоместок за уредување на градежно земјиште врз основа на донесените тогашни решенија за услови за градба кои во меѓувреме се поништени, а е издадена нова заверена проектна документација, новонастанатите односи ќе се регулираат со договор помеѓу Градот, Општината и корисникот -сопственикот на земјиштето. Корисникот на земјиштето е должен да достави документ дека во претходниот период документацијата му била поништена или не е издадено одобрение за градба.

Трошоците за опремување и изградба на објекти од комунална инфраструктура надвор од конкретната градежна парцела и трошоците за преместување на објекти од комунална инфраструктура за индивидуална и заедничка комунална потрошувачка, што корисникот ги извел и си ги изведува самоиницијативно, без учество на Градот и Општината, а пред склучување писмени договори за регулирање на надоместокот за уредување на градежно земјиште и писмен договор за изведување на објекти од комунална инфраструктура, не се признаваат, освен во локалитети каде биле безправно изградени објекти, а со донесување на нови урбанистички планови, истите се вклопуваат. За овие локалитети мора да има исправна техничка документација за изградените објекти од инфраструктура, заверена од надлежен орган и изградените инфраструктурни мрежи да се примени од јавните комунални претпријатија и овластените АД. При ова се признаваат само трошоците - делот од надоместокот за уредување на градежното земјиште за изградената инфраструктурна мрежа од индивидуална комунална потрошувачка. Оваа изградена инфраструктурна мрежа, мора да биде предадена на Градот и Општината, да се овозможи идно приклучување на нови идни корисници на земјиштето без надомест, а новите корисници на земјиштето да им надоместат на Градот и Општината целосен надоместок за уредување на градежното земјиште.

## 7. ГРАНИЦИ НА КОМПЛЕКСИТЕ И ЗОНИТЕ ЗА НАПЛАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

Границите на комплексите и зоните за наплата на надоместокот за уредување на градежно земјиште, се одредени во член 13 од Одлуката за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општината Ѓорче Петров.

Во точка 5.1, табела А, графа - 1, прикажани се зоните по кои се одредува надоместокот за одземено земјиште за изградба на инфраструктурни објекти.

## ДИНАМИКА И МЕРКИ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМИТЕ

Динамиката на извршувањето ќе биде определена од: приливот на средствата од надоместокот за уредување на градежно земјиште и другите средства и стварни правни, технички и материјални услови.

Опремувањето на земјиштето ќе отпочне, по добивањето на Одобрение за градба на објекти од комунална инфраструктура и воведувањето во владение на земјиштето.

Со цел успешно да се реализира оваа Програма, неопходно е да се спроведат договорните обврски со сопствениците на градежното земјиште.

## V. Ф.Д ПОД-ПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОР ВО РУРАЛНИ ПОДРАЧЈА ( Капитални трошоци )

**ВОВЕД**

Со Подпрограмата Ф.Д се утврдуваат капителните трошоци за уредување на просторот во руралните подрачја.

Финансирањето на оваа Под-Програма е од комуналната такса за градежно земјиште за населени места во општина Ѓорче Петров, која се плаќа согласно Одлука донесена од Советот на Општина Ѓорче Петров, од изворните приходи на Општината.

**ПРИХОДИ**

| Група | Подгрупа | Основни сметки | Оддел | Видови на приходи | Износ во денари 2015 | Структура % |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| | | | | **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **15.000.000** | |
| **71** | | | | **ДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | **3.000.000** | |
| | **7171** | | | **КОМУНАЛНИ ДАНОЦИ** | **3.000.000** | |
| | | 717129 | | Други приходи по основ на комунална дејност | 2.000.000 | |
| | | 717137 | | Надоместок за уредување на градежно земјиште | 1.000.000 | |
| **73** | | | | **КАПИТАЛНИ ПРИХОДИ** | **11.000.000** | |
| | **7331** | **Продажба на земјишта и други нематеријални** | | | **11.000.000** | |
| | | 733144 | | Надоместок за утврдуваењ на правен статус на бесправно изградени објекти | 11.000.000 | |
| **74** | | | | **ТРАНСВЕРИ И ДАНОЦИ** | **1.000.000** | |
| | **7412** | | | **Трансвери од други нивоа на власта** | **1.000.000** | |
| | | 741211 | | Капитални трансвери од други нивоа на власта | 1.000.000 | |

**ТРОШОЦИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПОД - ПРОГРАМАТА Ф.Д.**

**РАСХОДИ**

**Средствата во оваа подпрограма ќе се обезбедат од следните извори:**

- **Од програмата –Недела на Ромите** **1.000.000 ден.**
- **оОд Буџет на Општината** **14.000.000 ден.**

---

**ВКУПНО: 15.000.000 ден.**

| Група | Подгрупа | Основни сметки | Оддел | Видови на приходи | Износ во денари 2015 | Структура % |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| **48** | | | | КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ | **15.000.000** | |
| | **4821** | | | **УЛИЦИ И ПАТИШТА** | **13.500.000** | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 482110 | | Подготвување на проекти вклучувајќи дизајн на улици, пешачки патеки, плоштади и други јавни површини | **500.000** | |
| | | | | | | |
| | | 482120 | | Изградба на улици, пешачки патеки, плоштади и други јавни површини<br><br>**Изработка на јавни површини со префабрикувани елементи**<br>- изградба на тротоар на ул. 60 во с.Волково<br>- Изградба на тротоар на ул Лука Геров во Ново Село<br>- ул.Пеклање<br>**Изградба на локални патишта и улици**<br>- Изградба на ул. 1 клучка Орман до с. Орман ( по упс Орман)<br>- Изградба на ул.31,33,49,53,70,73 и 77 во Волково<br>- Изградба на ул 4 Н. Село<br>- Ул. 30,40и 42 во Кисела Јабука | 3.000.000 | |
| | **4829** | | | **Надзор над изградба** | **1.500.000** | |
| | | 48294 0 | | Надзорна изградба | 1.500.000 | |

## ДИНАМИКА И МЕРКИ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМИТЕ

Динамиката на извршувањето ќе биде определена од: приливот на финансиски средствата од комуналната такса и создавање на други технички и материјални услови.

## ПРЕОДНИ ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

1. За спроведување на овие Програми, надлежен е Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров и Секторот за урбанизам, заштита на животната средина и комунални дејности.
2. Програмите влегуваат во сила, осмиот ден од од објавувањето во Службениот Гласник на Општината, а ќе се применуваат до крајот на 2015 година.

**Број 07- 4498/12** — **Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Од 30.10.2014 година** — **Претседател,**
**Скопје** — **Гоце Петрески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров -(Пречистен текст), (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/13), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Програмата за измена и дополна на**
**Програмата за комунални дејности на Општина Ѓорче Петров за 2014 година**

Се објавува Програмата за измена и дополна на Програмата за комунални дејности на Општина Ѓорче Петров за 2014 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Дваесетишесттата Седница на Советот, одржана на ден 30.10.2014 година.

**Број 08-4600/11**
**од 30.10.2014 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 7 од Законот за комунални дејности (Службен весник на РМ бр. 95/2012), член 15 од Законот за управување со отпад (Службен весник на РМ бр. 68/04, 107/07, 102/08 и 143/08), член 36 и 62 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 5/02) и член 16 став 1 точка 15 од Статутот на Општина Ѓорче Петровпречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр. 18/13), Советот на Општина Ѓорче Петров на 26-тата седница одржана на 30.10.2014 година, донесе:

## ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА ПРОГРАМАТА
**за комунални дејности на Општина**
**Ѓорче Петров за 2014 година**

### Член 1

Во глава V во Подпрограма Ј4-јавна чистота во став 2 бројот 8.000.000,00 се заменува со бројот 5.500.000,00.

Во табелата по став 1 на ставка 423-ситен инветар, алат и друг материјал бројот 500.000 се заменува со бројот 300.000.

Во табелата по став 2 на ставка 425-договорни услуги бројот 7.500.000 се заменува со бројот 6.000.000, и подставка 429990- други договорни услуги бројот 7.500.000 се заменува со бројот 6.000.000. Во вкупниот износ бројот од 8.000.000 се заменува со бројот 6.300.000.

### Член 2

Во глава VI која се однесува на Подпрограма Ј6-одржување и заштита на локални патишта и улици бројот после зборовите во износ од 4.000.000,00 се заменува со бројот 4.500.000, од приходно конто 741113 Трансвер од буџет на фондови на РМ., додека средствата од приходи на општинскиот буџет за 2014год бројот 1.000.000, се заменува со бројот 0.

Во табелата на расходи во ставка 424-поправка и тековно одржување, во алинеа 1 крпење на улици и патишта бројот 3000.000 се заменува со бројот 2.500.000. Вкупниот износ на ставката 424 бројот 5.000.000 се заменува со бројот 4.500.000.

### Член3

Во глава VII во Подпрограмата ЈД-изградба и реконструкција на локални патишта и сервисни и станбени улици во став 2 бројот 50.000.000,00 се заменува со бројот 3.000.000.

Во табелата расходи на подставка 482120 и 482130, изградба и реконструкција на улици бројот 30.000.000,00 се заменува со бројот 0. 39.070.670,00.

Во став 3 во табелата расходи на подставка 482940-надзор бројот 2.000.000,00 се заменува со бројот 0.

Во став 4 во табелата расходи на подставка 485420-надоместок за одземен имот бројот 15.000.000,00 се заменува со бројот 0. Во истата табела вкупниот број од 51.000.000 се заменува со бројот 4.000.000.

### Член 5

Во глава IX за Програма ЈГ-израдба на систем за водоснабдување, во став 3 од текстот бројот 21.500.000 се заменува со бројот 2.610.000.

Во табелата за расходи на оваа програма во ставката 482-други градежни објекти бројот 21.500.000 се заменува со бројот 2.610.000.Во подпрограмата 485710 подготвување на проекти за водоводни мрежи бројот 2.300.00 се заменува со бројот 0. Во подставката 48720 изградба на капацитети за водоснабдување бројот 2.000.000 се заменува со бројот 2.410.000. Во алинеа 2 за доизградба на водоводна мрежа во с. Кучково бројот 500.00 се заменува со бројот 0. Во алинеа 3 од истата подставка бројот 15.700.000се заменува со бројот 0. Во подставката 482940 надзор над градба бројот 1.000.000 се заменува со бројот 200.000

**Член 6**

Во глава X, која се однесува на Програма ЈИ-изградба на системи за одведување на отпадни води, во став 1 алинеја 2 бројот 30.000.000,00 се заменува со 0. Во алинеја 3 бројот 30.000.000,00 се заменува со 5.940.000 , и во алинеја 4 бројот 3.501.000 се заменува со бројот 8.061.000. Вкупниот број 75.101.000 се заменува со бројот 14.801.000.

Во табелата за расходи на оваа програма во ставката 482-други градежни објекти бројот 57.100.000 се заменува со бројот 14.801.000..

Во подставката 482320-изградба на фекална канализација во реон Волково бројот 52.800.000 се заменува со бројот 12.000.000 и во подставката 482940-надзор над изградба бројот 2.000.000,00 се заменува со бројот 500.000,00.

**Член 7**

Глава XI, Одржување и користење на паркови и зеленило во став 1 бројот 4.000.000 се заменува со бројот 1.050.000.

Во табелата за расходи ставката 421 Комунални услуги бројот 500.000 се заменува со бројот 4500.000., Во подгрупата за електрична енергија бројот 250.000 се заменува со бројот 350.000, додека во подгрупата 421120 водовод и канализација бројот 250.000 се заменува со бројот 100.000.

Во табелата за расходи ставката 424590 одржување на други зеленила бројот 3.500.000 се заменува со бројот 600.000.Во вкупниот збир бројот 4.000.000 се заменува со бројот 1.050.000

**Член 8**

Во глава XIII, ЈЕ Изградба на простори за паркирање, во ставот 1бројот 4.000.000.се заменува со бројот 3.500.000.

Во табелата за расходи ставката 482920 изградба на други објекти, бројот 4.000.000 се заменува со бројот 3.500.000.

**Член 9**

Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 07-4498/13** **Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Од 30.10.2014 година** **П р е т с е д а т е л,**
**С к о п ј е** **Гоце Петрески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров -(Пречистен текст), (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/13), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Програма за комунални дејности на Општина Ѓорче Петров за 2015 година**

Се објавува Програмата за комунални дејности на Општина Ѓорче Петров за 2015 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Дваесетишесттата Седница на Советот, одржана на ден 30.10.2014 година.

**Број 08-4600/12**
**од 30.10.2014 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

## ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ

# П Р О Г Р А М А

## За комунални дејности на Општина Ѓорче Петров за 2015 година

**Октомври, 2014 година**

**Скопје**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров -(Пречистен текст), (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/13), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Програма за заштита на животната средина и природа во Општина Ѓорче Петров за 2015 година**

Се објавува Програмата за заштита на животната средина и природа во Општина Ѓорче Петров за 2015 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Дваесетишесттата Седница на Советот, одржана на ден 30.10.2014 година.

**Број 08-4600/13**
**од 30.10.2014 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 18, 24, 32, 122, 134, 162, 172, 204 и 208 од Законот за животна средина ("Службен весник на РМ" бр. 53/2005, 81/2005, 79/2006, 101/2006, 109/2006, 24/2007, 159/2008, 83/2009, 1/2010, 48/2010, 124/2010, 51/2011, 123/2012, 93/2013), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 16 став 1 точка 137 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-(Пречистен текст) (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр. 18/13),Советот на Општина Ѓорче Петров на 26-тата Cединца одржана на 30.10.2014 година, донесе:

# П Р О Г Р А М А
## За активностите на Општина Ѓорче Петров од областа на заштита на животната средина и природата за 2015 година

## I. ВОВЕД

Секторот за Урбанизам, Комунални дејности, Заштита на животната средина и ЛЕР преку Одделението за заштита на животната средина континурано ги насочува своите активности кон изработка и имплементација на издржани и квалитетни годишни програми. Како и досега, сметаме дека Годишната Програма за 2015год. ќе придонесе кон спроведување на законските одредби кои произлегуваат од Законот за локална самоуправа, Законот за заштита на животна средина, Законот за енергетика и усвоените програми од Советот на Општина Ѓорче Петров ( Стратегија за ЛЕР 2012-2018, Програма за ЕЕ 2012-2014), а воедно и имплементација на мерки и активности во поглед на подобрување и заштита на животната средина и стабилноста на еко-системите.

Одделението за заштита на животна средина со своите активности се стреми кон спроведување на еколошки проекти кои ги унапредуваат стандардите и условите за живот на граѓаните во заедницата.

## II. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

- Општина Ѓорче Петров – општина која на својата територија ги спроведува предвидените мерки и активности кои и се доделени како надлежности на локална самоуправа, а се однесуваат на областа заштита на животна средина;
- Општината да воспостави услови за пристојно, безбедно и здраво живеење на своите граѓани;
- Анимирање на граѓаните во активностите кои ќе произлезат од Програмата, односно-активно учество на граѓаните. Програмата да врши едукација на поединци и/или групи во делот на заштита и подобрување на еколошките стандарди, што понатаму ќе придонесе во развивање на јавната свест за зачувување на животната средина и природата;

## III. ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ

Одделението за заштита на животната средина и природата своето работење го темели на обврските и надлежностите кои ги има во следните области/подрачја:

1.1 Урбана опрема (JH) и Одржување на урбана опрема (J0)
1.2 Јавна чистота и хигиена (J4)
1.3 Одржување и користење на паркови и јавно зеленило (J7)
1.4 Други комунални услуги(J8)
1.5 Заштита на животна средина и природа (R1)
1.6 Основно Образование (N1)
1.7 Детски Градинки (V1)
1.8 Спорт и рекреација (L0) и Изградба на нови спортски објекти и детски игралишта (LA)
1.9 Месна Самоуправа(Капитални Објекти )(DA)
1.10 Капитални трошоци на општината (EA)

### 1.1 УРБАНА ОПРЕМА (J0)

#### 1.1.1. Одржување на урбана опрема (JH)

- Одржување и санација на оштетени клупи за седење

Дел од поставените клупи се оставени на забот на времето, или пак се оштетени од човечки фактор, па така неопходна е интервенција за санирање на штетите на клупите(најчесто дрвените даски од клупите), како и нивната конструкција(доколку е потребно);

- Санација и замена на оштетени корпи за отпадоци

Покрај тоа што бројот на корпи за отпадоци на јавните површини во Општина Ѓорче Петров е недоволен, добар дел од истите се оштетени и/или вон функција. Санацијата (онаму каде што е можна) и замена (онаму каде што не е можна поправка) на оштетените корпи се секако потребни.

- Одржување на фонтаните и чешмите

Постоечките фонтани (во паркот) како и постоечките чешми за вода на повеќе локации на територијата на Општина Ѓорче Петров потребно е редовно да се одржуваат и чуваат во исправна состојба.

**Буџет за JO**
–Одржување на урбана опрема.............................................................**2.000.000,00 ден**
**Буџет за JH**.

–Поставување на нова урбана опрема ..........................................................**1.000.000,00 ден**

## 1.2 ЈАВНА ЧИСТОТА И ХИГИЕНА (Ј4)

За одржување на јавната чистота и хигиена во Општина Ѓорче Петров (како општина во рамките на Град Скопје), согласно законските надлежности, се грижи ЈП Комунална Хигиена – Скопје. Но, со оглед на фактот што јавното претпријатие не може во целост да ги покрие потребите за чистење на цела територија на општината, Општина Ѓорче Петров издвојува значителни средства и енергија со цел подобрување и унапредување на состојбата со јавната хигиена. Од тие причини, и следната 2015год. Општина Ѓорче Петров планира да ангажира сезонски работници кои ќе помагаат во одржување на јавната чистота, како и обезбедување на сите материјални средства потребни за работа на овие работници (метли, кеси, канти, ракавици, кабаници, колички, копачи, лопати и сл).

За непречено одвивање на редовните активности на ангажираните сезонски работници, Општина Ѓорче Петров ќе издвои средства за:

1. Финансиски надомест на работниците;
2. Набка на ХТЗ и друга опрема за работниците (униформи, кабаници, ракавици, обувки и сл);
3. Набавка и одржување на приборот за работа (метли, колички, копачи, лопати и сл).

4. Други комунални услуги
   - поставување контејнери за електронски и електричен отпад во строго определен термин (најмалку 4 пати годишно);
   - поставување контејнери за габаритен отпад (од домаќинствата) во строго определен термин (најмалку 4 пати годишно);
   - превземање мерки за решавање на проблемот со уличните кучиња-скитници (во соработка со службите на Град Скопје);
   - планирање простор во Реонски Парк наменет исклучиво за шетање на домашни миленици. Овој простор ќе биде посебно ограден и изолиран од останатиот јавен простор;
   - редовно расчистување на просторот околу јавните установи, и тоа:
     - во и околу Основни Училишта
     - во и околу Детски Градинки
     - околу здравствените установи (особено амбулантата во м.з. Дексион)
     - на останатите површини каде има градежен и комунален шут (особено на ул.Социјалистичка Зора);

Во оваа под-програма спаѓа и следењето на работата на Концесионерот за собирање и управување со комуналниот смет во руралното општинско подрачје. Имено, работата на приватниот оператор ја следи Комисија за надзор за навремено, квалитетно

и професионално вршење на концесиската дејност (разгледување извештаи, увид на терен и сл).

**Вкупно буџет за Ј4 – Јавна Чистота ..................................................6.400.000,00 ден.**

## 1.3 ОДРЖУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО (Ј7)

Оваа програма се однесува на:

1. Одржување и корисрење на паркови и зеленило
    - редовно косење на тревата на деловите каде ЈП Паркови и Зеленило, Скопје нема надлежности (основни училишта, детски градинки, спортски и детски игралишта, површини покрај локалните улици, долж ул. Шарпланинска, ул.Лука Геров, ул.Волковска)
    - долж кеј на р.Вардар
    - во наредната година се планира да се изврши кастрење на дрва, живи огради на дворовите према улиците, односно се што излегува према улиците;
    - во соработка со ЈП и ЕВН предвидено е да се исечат-отстранат сите дрва кои пречат на постоечките инсталации;
    - во фаза на подготовка е Одлуката за комунален ред , согласно Закон за комунални дејности која треба да ја донесе Советот на општината, а со која поблиску ќе се уредат правата и оббрските на жителите од општината.

2. Средства за набавка на садници и хортикултурно уредување

Општина Ѓорче Петров и во 2015год.планира да посвети внимание на урбаната и хортикултурна естетика. Во таа насока се мисли на одржување на постојните парковски и јавните зелени површини на цела територија на општината, односно замена на оштетената или уништена трева со нова. По потреба и дотур на нова, квалитетна земја заради поголема ефикасност во садењето трева, како и набавка на нови садници за оплеменување на јавниот простор.

Во 2015год. по пролетното садење на цвеќе и тревна површина во паркот, двата кружни тека и останати јавни површини на територијата на општината, потребно е истите тековно да се одржуваат, косат, наводнуваат и надополнуваат со цветни насади.

1. Одржување на системите за наводнување и фонтаните

Исто така тука се вклучени и потрошокот на вода од јавни чешми и фонтани, потрошок на електрична енергија од пумпите за вода во фонтаните, материјал и средства за чистење на фонтаните.

2. Одржување на часовник и дисплеј во реонски парк

**Буџет за Ј7 - ОДРЖУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО……1.050.000,00ден.**

## 1.4 ДРУГИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ (J8)

Оваа под-програма се однесува на :

1. Пролетна и есенска дезинфекција, дезинсекција и дератизација
2. Одржување на други градби
3. Редовно одржување на хидро под-станиците и пумпно построение на фонтаните во реонскиот парк

**Вкупно Буџет за Ј8 -ДРУГИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ………………………1.500.000,00ден.**

## 1.5 ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРИРОДА (R1)

Оваа под-програма се однесува на :

1. **Изработка на нов ЛЕАП-Документ……………………………………300.000,00ден.**

(*Буџетот за изработка на ЛЕАП-документот се обезбедени од МЖСПП – од Програмата "Зајакнување на капацитетите на централно и локално ниво при имплементирање на законодавството од областа на животната средина". Имплементација на истста се очекува во текот на 2015год. по потпишување на Договор помеѓу Општина Ѓорче Петров и МЖСПП.*)

2. Обуки наменети за грѓаните за потребата од поставување Мониторинг – станица за мерење на квалитетот на анбиентален воздух и начин на читање на резултатите(подготвителна фаза пред поставување на мерната станица)…………………………………………………………………………**300.000,00ден.**

3. Одбележување на денови од ЕКО-Календарот(Ден на пролетта-, Светски ден за заштита на животната средина)……………………………………**400.000,00ден.**

**Вкупно Буџет за R1 ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРИРОДА…….1.000.000,00ден.**

## 1.6 ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ (N1)

Оваа Програма се однесува на :

1. Подготовка на проектна документација:
2. Надградба / Доградба / Реконструкција на објекти на основни училишта

**Реализација на активностите предвидени со оваа под-ставка се планира со средства од Буџетот на Република Македонија.**

## 1.7 ДЕТСКИ ГРАДИНКИ (V1)

Оваа Програма се однесува на :

3. Подготовка на проектна документација:
4. Надградба / Доградба / Реконструкција на објекти за детски градинки

**Реализација на активностите предвидени со оваа под-ставка се планира со средства од Буџетот на Република Македонија.**

## 1.8 СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА (L0)
## ИЗГРАДБА НА НОВИ СПОРТСКИ ОБЈЕКТИ И ДЕТСКИ ИГРАЛИШТА (LA)

Програмата **LO** се однесува на :

1. Поправка и тековно одржување на објекти за спорт и рекреација..............3.000.000,00ден

Програмата **LA** се однесува на:

- Изградба на нови спортски објекти и детски игралишта..............................4.000.000,00ден

- Изградба на фудбалско игралиште во мз Ново Село( нас.место Јурија)

(**Изградбата на ова игралиште е планирано со средства од Влада на РМ-Агенција за млади и спорт)**

- Изградба на ново детско игралиште во мзНово Село (нас.место Јурија);
- Изградба на ново детско игралиште во мз Волково-Пржина (во кругот на постоечкото игралиште во месноста Пржина);
- Изградба на ново детско игралиште во узМирче Ацев (на ул.Социјалистичка Зора);
- Изградба на ново детско игралиште во уз Дексион

**Вкупно буџет за LO и LA** ..........................................................................**7.000.000,00ден.**

## 1.9 МЕСНА САМОУПРАВА (КАПИТАЛНИ ОБЈЕКТИ) (DA)

Оваа Програма се однесува на :

- Реконструкција на објекти на месна самоуправа:

- Изградба на објекти на месни заедници

**Вкупно буџет за МЕСНА САМОУПРАВА (КАПИТАЛНИ ОБЈЕКТИ) (DA 2.000.000,00 ден.**

**1.10 КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ НА ОПШТИНАТА (ЕА)**

Оваа Програма се однесува на :

- Дом на културата-доградба(кров, климатизација, доградба):
...............................3.500.000,00ден.

**Вкупно буџет за КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ НА ОПШТИНАТА (ЕА)..............................................................................................3.500.000,00ден.**

**IV. ФИНАНСИРАЊЕ**

Вкупно потребни средства за реализација на активностите предвидени со оваа Програма се **25.950.000,00денари** , од кои:

- **Од Буџет на Општина Ѓорче Петров...............................25.950.000,00ден.**

**Ова се вкупни финансиски средства потребни за реализизација на активностите кои се составен дел на:**

- **програмите JH, J0, J4, J7, J8 (кои се распределени и веќе опфатени во Предлог-Програмата за Комунални дејности во на Секторот за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и ЛЕР за 2015година**), и
- **програмите R1, N1, V1, L0, LA, DA, EA** .

**ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Надлежен за реализација на основната Ј Програма - комунални дејности со сите Под-Програми е Градоначалникот и Секторот за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина.

Градоначалникот се овластува да може да определува приоритети при реализирање на оваа Програма и Под-Програма содржана во истата.Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во "Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 07- 4498/15** **Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Од 30.10.2014 година** **Претседател,**
**Скопје** **Гоце Петрески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров -(Пречистен текст), (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/13), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за усвојување на Акционен план (GD) за енергетска ефикасност на Општина Ѓорче Петров за 2015 година**

Се објавува Одлуката за усвојување на Акциониот план (GD) за енергетска ефикасност на Општина Ѓорче Петров за 2015 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Дваесетишесттата Седница на Советот, одржана на ден 30.10.2014 година.

**Број 08-4600/14**
**од 30.10.2014 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 132 став 3 од Законот за енергетика („Службен Весник на РМ“ бр.16/11 и 136/11) и член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-(Пречистен текст) („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.18/13), Советот на Општина Ѓорче Петров на 26-тата седница одржана на ден 30.10..2014 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Акционен План за енергетска ефикасност на**
**Општина Ѓорче Петров за 2015 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се усвојува Акционен План за енергетска ефикасност на Општина Ѓорче Петров за 2015 година.

Акционен План за енергетска ефикасност на Општина Ѓорче Петров за 2015 година е составен дел на оваа Одлука.

**Член 2**

Акциониот План од член 1 на оваа Одлука претставува едногодишен акционен план за спроведување на Програмата за енергетска ефикасност за период од 2015 година.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од објавувањето во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 07-4498/16** **Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Од 30.10.2014 година** **Претседател,**
**Скопје** **Гоце Петрески с.р.**

**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**

**СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ, ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ**

# АКЦИОНЕН ПЛАН(GD) ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ НА  ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ

**за  2015 година**

**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**

**Сектор за урбанизам, комунални дејности,**
**заштита на животната средина**
**и локален економски развој**

**СКОПЈЕ, ОКТОМВРИ 2014 година**

Енергетската ефикасност е активно решение за постигнување на заштеди на сресства. Општина Ѓорче Петров е една од општините која на ниво на Р.Македонија вложува сериозни напори за усогласување на своите активности со оние предвидени со Националната Стратегија за ЕЕ на Р.Македонија. Програмата за енергетска ефикасност 2012-2014, усвоена од Советот на Општина Ѓорче Петров на ден 28.06.2012год. со Одлука бр.07-1653/3, претставува водич кој ги утврдува насоките во кои општината треба да се движи. Во изминатите години општината реализираше голем број на мерки, кои даваат несомнено позитивни резултати. Во таа насока во текот на 2015 година, планирано е да се реализираат следните активности кои се составен дел од Предлог-Акциониот План за 2015 година:

## 1. Кусо резиме

**План за енергетска ефикасност** претставува едногодишен акционен план за спроведување на мерките за енергетска ефикасност предвидени во Програмот за енергетска ефикасност на општините и е законска обврска која произлегува од Законотза енергетика, Член. 132 став (3) (Сл. весник на РМ бр. 16/2011).

Планот за енергетска фикасност е во целост изработен и усогласен со мерките за енергетска ефикасност и нивната динамика на реализирање усвоени во стратешкиот национален документ **Акционен план за енергетска ефикасност на Република Македонија до 2018 година**, со кој се спроведува националната **Стратегија за унапредување на енергетска ефикасност во Република Македонија до 2020 година**, а во согласност со член 131 од Законот за енергетика.

Основна задача на Планот за енергетска ефикасност на општината Ѓорче Петров е да определи:

- мерки и активностите кои треба да се остварат (оптимален избор на мерки и објекти во зависност од ниво на инвестирање, големина на заштедена енергија, број на корисници на објектите),
- ниво на нивна усогласеност со националниот Акционен план за енергетска ефикасност,
- динамиката на реализација на мерките за енергетска ефикасност,
- временските периоди кога можат да се спроведат предвидените активности,
- висината на потребните инвестициски средства за реализација на предвидениот план,
- извори на потребните финансиски средства,
- организациска поставеност и определување на одговорни служби и личности за реализација на предвидените мерки и активности (проектирање, набавка, надзор, следење на резултатите).

Енергетските појдовни податоци за изработка на овој Акционен план се следниве:
Вкупната потрошувачка на енергија на годишно ниво е: **4 639 000 kWh/god** .

Под управа на општината Ѓорче Петров има 15 објекти: 8 основни училишта, 3 административни општински згради (објект на општинската управа, одделение за легализација и секторот за

урбанизам) и 4 детски градинки. Овие објекти се под управа на општината и нивните податоци се внесени во базата на податоци за енергетска ефикасност.

Бројот на светилките за кои се грижи општината е **3470.**

Годишната количина на енергија која се троши на ниво на општината Ѓорче Петров , во објектите и инсталациите кои се предмет на анализата е прикажана во следната табела:

| | Сектор | Број на објекти | Грејна површина $м^2$ | Годишна потрошувачка на енергија (MWh/yr) | Просечна специфична потрошувачка на енергија (kWh/m2) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Општинска Администрација | 3 | 806 | 151.6 | 188,1 |
| 2. | Образование | 11 | | | |
| | - Училишта | 8 | 19.069,6 | 2.376,9 | 126,9 |
| | - Детски градинки | 3 | 3.174 | 430,6 | 135,7 |
| 3. | Улично осветление | 3400 | | 1697,9 | |
| | Вкупно објекти | 13 | 22.704 | 4.639 | 130,3 |

Економски оправданиот потенцијал за енергетска ефикасност е на ниво од 34.7 %, што значи дека вкупната годишна потрошувачка на енергија може да се намали од 4639 MWh/yr на 3029 MWh/yr.

Усвоени се следните мерки за ЕЕ кои ќе се применат:
- *Кампања за енергетска ефикасност, формирање центри за ЕЕ во општината*
- *Енергетско управување и енергетски контроли*

Вкупната заштеда на енергија која ќе се оствари со предложените мерки е:

| Вкупна заштеда на енергија | kWh/yr |
|---|---|
| Објекти | 78.500 |
| Вкупно | 78.500 |

Финансиските резултати за спроведување на активностите предвидени со овој План за енергетска ефикасност за 2015 година прикажани се во следната табела.

| Намена | Инвестиции | | Заштеди | |
|---|---|---|---|---|
| | Денари | € | Денари | € |
| Кампања за енергетска ефикасност | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Објекти(енергетски контроли) | 900.000 | 14.630 | 493.000 | 8.015 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Енергетска ефикасност на објекти во надлежност на општината | 3.393.191 | 55.173 | 1.369.225 | 22.264 |
| **Вкупно** | **4.293.191** | **69.803** | **1.862.225** | **30.279** |

Со тоа, општината Ѓорче Петров активно придонесува во навременото остварување на мерките и проекциите предвидени во националниот АПЕЕ. Со реализацијата на овие мерки се исполнуваат дури 0.34 % од очекуваните заштеди во оваа година во секторот на општествени и комерцијални објекти.

## 1. Предговор

Изработката на **План за енергетска ефикасност** кој претставува едногодишен акционен план за спроведување на мерките за енергетска ефикасност предвидени во Програмот за енергетска ефикасност на општините е законска обврска која произлегува од Законот за енергетика, Член. 132 став (3) (Сл. весник на РМ бр. 16/2011).
Советот на општината, на предлог на градоначалникот, го донесува планот за енергетска ефикасност за 2015год. што се однесува за период од една години. Со овој документ се исполнува оваа законска обврска на Општината Ѓорче Петров .

Планот за енергетска фикасност е во целост изработен и усогласен со мерките за енергетска ефикасност и нивната динамика на еализирање усвоени во стратешкиот национален документ Акционен план за енергетска ефикасност, со кој се спроведува националната Стратегија за енергетска ефикасност, а во согласност со член 131 од Законот за енергетика.

Планот за енергетска ефикасност на општина Ѓорче Петров ги содржи основните содржини кои се бараат со Законот за енергетика, со посветување на посебно внимание на мерките кои се предвидени во националниот Акционен План за Енергетска Ефикасност, а се однесуваат на мерки и политики кои се од опсегот на одговорност на општината, меѓу кои како основни се издвојуваат:

- спроведување на мерки за енергетска ефикасност на градежните објекти кои се во сопственост на општината во секторот на образованието и секторот за социјална грижа,
- спроведување на мерки за енергетска ефикасност за уличното осветлување,
- спроведување на мерки за смалување на емисијата на штетни гасови во атмосферата, со што се учествува во Акцискиот план за одржлив развој на градот Скопје (СЕАП), кој се реализира како обврска, при што градот е потписник на „Договорот на градоначалниците“ (Covenant of Mayors) .

## 2. Вовед

Основна задача на Планот за енергетска ефикасност е да определи:

- мерки и активностите кои треба да се остварат (оптимален избор на мерки и објекти во зависност од ниво на инвестирање, големина на заштедена енергија, број на корисници на објектите),
- ниво на нивна усогласеност со националниот акционен план за енергетска ефикасност,
- динамиката на реализација на мерките за енергетска ефикасност,
- временските периоди кога можат да се спроведат предвидените активности,
- висината на потребните инвестициски средства за реализација на предвидениот план,
- извори на потребните финасиски средства,
- организациска поставеност и определување на одговорни служби и личности за

реализација на предвидените мерки и активности (проектирање, набавка, надзор, следење на резултатите)

Јасно дека овие барања се меѓу себе спротивставени и потребно е да се направат компромиси и да се определи оптимална композиција на услови за дадениот временски период, и при почитување на финасиската кондиција на општината Ѓорче Петров , како и на целото општество.

## 3. Основни енергетски појдовни податоци

Вкупната потрошувачка на енергија на годишно ниво е: **4 639 000 kWh/god.**

### *3.1 Објекти опфатени со базата на податоци во општината*

Под управа на општина Ѓорче Петров има 13 објекти 8 основни училишта, 3 административни општински згради (објект на општинската управа, одд.за легализација и секторот за урбанизам) и 3 детски градинки. Овие објекти се под управа на општината и нивните податоци се внесени во базата на податоци за енергетска ефикасност. Во следната табела се дадени објектите од секторот образование (основни училишта и детски градинки).

| | Административни објекти | Грејна површина(m²) |
|---|---|---|
| 1 | Ѓорче Петров-Општинска зграда | 555 |
| 2 | Ѓорче Петров-сектор Урбанизам | 167 |
| 3 | Ѓорче Петров- одделение за Легализација | 84,2 |
| | Основни училишта | |
| 4 | ОУ Тихомир Милошевски, Ново село | 1418,6 |
| 5 | ОУ Страшо Пинџур | 3263 |
| 6 | ОУ Ѓорче Петров | 4217 |
| 7 | ОУ Мирче Ацев | 4620 |
| 8 | ОУ Димитар ПГ-Беровски | 3851 |
| 9 | ОУ Јоаким Крчовски-централно училиште | 904 |
| 10 | ОУ Јоаким Крчовски – ПУ с.Никиштане | 450 |

| | | |
|---|---|---|
| 11 | ОУ Димитар ПГ-Беровски-ПУ во нас.Хром | 346 |
| | Градинки | |
| 12 | ЈУОДГ Росица - матичен објект/клон Детелинка | 1306 |
| 13 | ЈУОДГ Росица - клон Калинка | 1225 |
| 14 | ЈУОДГ Росица – клон Кокиче | 643 |
| 14 | ЈУОДГ Росица – клон Пампурче | 1500 |
| 15 | ЈОУГД Росица-клон во ОУ ДПГ-Беровски | 350 |

Усвоени се следните критериуми за приоритет на избраните објекти кај кои ќе се применат мерки за ЕЕ: висината на потрошувачка на енергија, бројот на присутни луѓе во објектот, големина и степен на дотраеност на објектот.

Усвоени се следните мерки за ЕЕ кои ќе се применат:

- *Кампања за енергетска ефикасност, формирање центри за ЕЕ во општината*
- *Енергетско управување и енергетски контроли*

### *3.2 Карактеристики на уличните светилки*

Во следната табела се прикажани бројките за проценетиот постоечки инвентар на јавно осветлување на општината Ѓорче Петров кои беа добиени со методот на увид во постоечката документација сопственост на општината.

| Тип на светилки | Број на светилки | Инсталирана моќност | Годишна потрошувачка на ел.енергија |
|---|---|---|---|
| Живини светилки 125W | 2595 | 361 | 1448231 |
| Живини светилки 250W | 26 | 7 | 28707 |
| Натриумови ВП светилки -250W | 56 | 9 | 37751 |
| Метал халоген 400 | 78 | 11 | 43844 |
| Флуо 55 | 65 | 4 | 16963 |
| Штедливи 40 | 650 | 26 | 104390 |
| | **3470** | **418** | **1679886** |

Годишната потрошувачка на електрична енергија за јавното осветлување изнесува **1679886** [kWh/yr]. Потрошувачката на финансиски средства на годишно ниво за покривање на трошоците за јавното осветлување во општина Ѓорче Петров изнесува 19 035 225 денари.

Годишната количина на енергија која се троши на ниво на општината Ѓорче Петров , во објектите и инсталациите кои се предмет на анализата е 4639 MWh/yr, при што 36.2 % е учеството на уличното осветлување.

Мерките за енергетска ефикасност со замена на неефикасните улични светилки се со апсолутен приоритет. Се предлага оваа мерка да се реализира како Јавно Приватно Партнерство, за да не се оптоварува општинскиот буџет со задолжување за реализација на оваа мерка.

| | **Сектор** | **Број на објекти** | **Грејна површина ($m^2$)** | **Годишна потрошувачка на енергија (MWh/yr)** | **Просечна потрошувачка на енергија ($kWh/m^2$)** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Општинска администрација | **3** | 806 | 151.6 | 188,1 |
| 2 | Образование | **10** | | | |
| | - Училишта | 8 | 19.069,6 | 2.376,9 | 126,9 |
| | - Детски градинки | 4 | 3.174 | 430,6 | 135,7 |
| 3 | Улично осветление | 3470 | | 1.679,9 | |
| | **Вкупно објекти** | **13** | **22.704** | **4.639** | **130,3** |

Економски оправданиот потенцијал за енергетска ефикасност е на ниво од 34.7 %, што значи дека вкупната годишна потрошувачка на енергија може да се намали од 4639 MWh/yr на 3029 MWh/yr.

## 4. Реализација на мерки за енергетска ефикасност

Во согласност со националниот Акционен план за енергетска ефикасност предвидени се мерките кои се опфатени во него. Предвидените мерки спаѓаат во комерцијалниот сектор и јавните објекти. Според АПЕЕ енергетската потрошувачка во овој сектор главно ја сочинува електричната енергија со удел од 43% во потрошувачката, и нафтените производи (нафта за греење, таканаречено „Д2" гориво и ТНГ) со речиси 42% од вкупната енергетска потрошувачка во овој сектор во 2006 година. Се предвидува на краткоточен план, фокусот да биде ставен на јавниот сектор, бидејќи е полесно истиот да биде опфатен со мерки на политиката.

> *"Активностите треба да бидат насочени кон потенцијалите за големи енергетски заштеди без трошок или со мал трошок, како што се поттикнување на промени во однесувањето преку образование, обука и информативни кампањи. Освен тоа, ќе се воведат и системи за енергетско управување (СЕУ), коишто ќе бидат поддржани со алатки за мониторинг и посочување. Ова ќе се случи во рамките на локалната администрација (проект кој е во фаза на воведување –* ***МОМЕЕ****,* ***М****акедонска* ***о****пштинска* ***м****режа за* ***е****нергетска* ***е****фикасност)1. На крај, критериумите за енергетска ефикасност во јавните набавки ќе овозможат побрзо продирање на производите и технологиите за енергетска ефиканост, со што ќе се намалат нивните цени и ќе се поттикне поголемо користење на истите."*

Конкретните мерки кои се превземени се следниве:

- *Кампања за енергетска ефикасност, формирање центри за ЕЕ во општината*
- *Енергетско управување и енергетски контроли*
- *Енергетска ефикасност на објекти во надлежност на општината(училишта, градинки)*

Вкупната заштеда на енергија која ќе се оствари со предложените мерки е:

| **Вкупна заштеда на енергија** | **kWh/yr** |
|---|---|
| Објекти | 78.500 |
| **Вкупно** | **78.500** |

***4.1 Кампања за енергетска ефикасност, формирање центри за ЕЕ во општината***

Општината Ѓорче Петров меѓу првите ја согледа потребата од активно вклучување во организирана работа за реализација на мерките за енергетска ефикасност преку општинската мрежа за енергетска ефикасност МОМЕЕ.

Градоначалникот г-дин Сокол Митровски беше активно вклучен во работата на Европскиот форум за енергетска ефикасност ***BISE Forum*** (**Intelligent Energy in Municipalities of Central and Eastern Europe and the Western Balkans)**

Мерките за енергетска ефикасност кои се превземаат во објектите на општината служат како добар пример и за граѓаните. Во исто време со тоа се отвара можност и за создавање на нови работни места.

Предвидено е активно вклучувањена граѓанскиот сектор за промоција на мерките за енергетска ефикасност преку активна соработка со Невладините здруженија. Директно придобивките од овие активности тешко може да се квантифицираат,како на државно така и на општинско ниво. Тргнувајќи од предвидените големини за 2015 година на ниво на Македонија од 698 MWh2, проценето е дека општината ќе учествува во реализација на смалување на потрошувачката на енергија со оваа мерка во износ од **34884 kWh** што изнесува **0.5 %** од годишната квота за Македонија за секторот кој ги опфаќа административните и комерцијалните објекти.

***4.2 Енергетско управување и енергетски контроли***

Во НАППЕ е наведено дека оваа мерка има две конкретни цели:

1. Да се воспостави организациска структура (енергетски управител и тим за енергетско управување) во рамките на локалните самоуправи што ќе обезбеди континуирано следење и анализа на енергетската потрошувачка на самиот орган, ќе спроведува активности за зголемување на јавната свест и ќе ги зајакнува капацитетите за енергетско управување и локлано планирање на енергијата-онака како што е пропишано во Законот за енергетика;
2. Да се воведе софтверски пакет за спроведување на системот за енергетско управување(СЕУ).

*Во секоја општина потребно е да се формира канцеларија за енергетска ефикасност. Овие канцеларии ќе бидат меѓусебно поврзани во централна национална мрежа за ЕЕ. Ова ќе го олесни мониторингот и анализата на енергетската потрошувачка на општинските згради од една централна локација. Ваквата организација на локалните власти ќе се направи на оброволна основа, но ќе биде силно поддржана од фондот за енергетска ефикасност. Со вклучување во програмата, секоја општина ќе превземе јавна обврска за за намалување на сопствената годишна потрошувачка на енергија. Се проценува дека овие заштеди се можни дури и со спроведување само на промени во организацијата и однесувањето.*

Согледувајќи ја потребата од создавање на ефикасна работна единица /група која ќе се грижи за реализацијата на предвидените мерки, ќе се изготви правилник за систематизација на работни места во кој ќе бидат набројани конкретните задолженија на вработените во тој дел.

Таа работна група – оддел природно е да биде во рамките на секторот за локален развој или независно одделение за Енергетска ефикасност и Обновливи извори на енергија .

Вработените во ова одделение треба веднаш да пристапат кон дополителна обука за стекнување нови вештини, потребни за реализација на предвидените задачи.

За таа цел предвидено е да се реализира извршување на Енергетска Контрола на сите објекти кои се во сопственост на општината а се во секторот на образование и социјална затита (училишта и градинки – вкупно 13 на број). Предвидена инвестиција за оваа намена е **900 000** денари.

Тргнувајќи од предвидените големини за 2015 година на ниво на Македонија од 1744 MWh5, проценето е дека општината ќе учествува во реализација на смалување на потрошувачката на енергија со оваа мерка во износ од 34884 kWh што изнесува 0.5 % од годишната квота за Македонија за секторот кој ги опфаќа административните и комерцијалните објекти.

### *4.3 Енергетска ефикасност на објекти во надлежност на општината(градинки, објекти на основни училишта)*

Во однос на објектите под надлежност на општина Ѓорче Петров внимателно е разработено сценарио за имплементација на мерки за енергетска ефикасност. Сценариото се базира на имплементација на сите мерки во објектите во кои е потребно итно да се подобри/санира постоечката состојба, а потоа и на имплементација на приоритетните мерки во сите објекти под надлежност на општината.

Финансискиот лимит за превземање на мерките е ограничен и е во границите на можностите кои ги нуди општината. Во однос на јавното осветление, не се разработени сценарија затоа што веќе постои студија за нивна замена со методот на јавно-приватно партнерство. Како и да е, се очекува да се спроведе замена на светилките низ општината во наредната година, а првите плодови од оваа мерка се очекуваат во 2017 година.

| 2015год. | Инвестиција | Енергетски заштеди | Финансиски заштеди | ППс | Намалување на $CO_2$ |
|---|---|---|---|---|---|
| ОУ Ѓорче Петров | 1.812.192 | 40.274 | 252.920 | 7,17 | 10,71 |
| ОУ Димитар ПГ-Беровски | 800.000 | 30.280 | 835.900 | 5,06 | 14,17 |
| ОУ Јоаким Крчовски-Централно училиште | 477.255 | 9.295 | 58370 | 8,18 | 2,47 |
| ЈОУГД Росица, клон Калинка | 254.544 | 4.490 | 27.732 | 9,18 | 1,19 |
| ЈОУГД Росица, клон Детелинка | 49.200 | 2.680 | 16.900 | 2,91 | 0,71 |
| Јавно Осветлување | 0 | 892.717 | 177.403 | 0,00 | 816,8 |
| **ВКУПНО** | **3.393.191** | **979.736** | **1.369.225** | **4,9** | **846,52** |

Мерките за Енергетска ефикасност на објекти кои се во надлежност на општината, а се опфатени со планот за енергетска ефикасност за 2015год. конкретно подразбираат:

1. ОУ Ѓорче Петров - Топлинска изолација на покрив

Вкупно предвидени средства за реализација на активностите се 1.812.192 МКД

2. ОУ Димитар ПГ-Беровски – Топлинска изолација на покрив
   - Вградување на автоматска контрола за котел

Вкупно предвидени средства за реализација на активностите се 800.000МКД

3. ОУ Јоаким Крчовски-Централно училиште – Топлинска изолација на покрив

Вкупно предвидени средства за реализација на активностите се 477.255МКД

4. ЈОУГД Росица, клон Калинка- Промена на прозорци и врати

Вкупно предвидени средства за реализација на активностите се 254.544МКД

5. ЈОУГД Росица, клон Детелинка- Вградување на автоматска контрола за котел

Вкупно предвидени средства за реализација на активностите се 49.200МКД

Според тоа, во 2015 година ќе бидат инвестирани **3.393.191** денари за мерки кои се однесуваат на енергетската ефикасност. Општината од својот буџет (ако не обезбеди средства од други извори) ќеја издвои потребната сума денари.

Со тоа, општината Ѓорче Петров активно придонесува во навременото остварување на мерките и проекциите предвидени во националниот АПЕЕ. Со реализацијата на овие мерки се исполнуваат 0.34 % од очекуваните 1.976 ktoe заштеди во оваа година во секторот на општествени и комерцијални објекти.

## 5. Финансиски извори и начин на финансирање

Основните средства за реализација на Акциониот план се предвидени во буџетот на општината. Работниот тим за енергетска ефикасност ќе побара од Министерството за образование, наука и култура да се вклучи во покривање на дел од трошоците, во рамките на Програмот кој го спроведува тоа Министерство.

Работниот тим за енергетска ефикасност треба веднаш да приготви барање за суфинансирање на овие активности од Локалната канцеларија за спроведување на ГЕФ проектот финансиран од страна на Светска Банка, а функционира во рамките на Министерството за економија. Постои реална можност да се обезбеди суфинансирање (донација) и до 50 % во однос на предвидените средства за реконструкција на објектите во училиштата и градинките.

Потребните финансиски средства за замена на уличните светилки предвидено е целосно да се покријат преку ЈПП.

**<u>Според тоа, за 2015 година предвидено е да се вложат средства за реализација на предвидените мерки во износ од 4.293.191,00 денари.</u>**

| Име на мерката | Инвестиција | |
|---|---|---|
| | Денари | € |
| Кампања за енергетска ефикасност , формирање центри за ЕЕ во општината | 0 | 0 |
| Енергетска контрола на сите објекти кои се во сопственост на општината и замена на светилките на уличното осветлување со енергетски-ефикасни светилки. | 900.000 | 14.630 |
| Енергетска ефикасност на објекти во надлежност на општината | 3.393.131 | 55.173 |
| **Вкупно** | **4.293.191** | **69.803** |

**<u>Напомена</u>**: Мерката 1 од Акциониот план за енергетска ефикасност за 2015год.- *Кампања за енергетска ефикасност , формирање центри за ЕЕ во Општина Ѓорче Петров* и мерката 2 *Енергетска*

| |
|---|
| *контрола на сите објекти кои се во сопственост на општината* -се превземаат како обврска од Планот за ЕЕ од 2014год. од причина што Програмата за ЕЕ 2012-2014год. беше изготвена и усвоена од страна на Советот на Општината на 28.06.2012год.<br>Со оглед на тоа што временскиот интервал од усвојување на Програмата за ЕЕ 2012-2014год. како и усвојувањето на Планот за ЕЕ за 2014 е премногу краток, мерката како обврска од Програмата се префрла за реализација во 2015год. |

Овие предвидени мерки, ќе придонесат за зголемување на нивото на финансиски заштеди во следните години.

Инвестирањето во мерките за енергетска ефикасност е оправдано и тоа е едно од подрачјата каде што инвестицијата се враќа назад и средствата може да се реинвестираат во сектори кои се со посебен приоритет.

## 6. Динамика на реализација

Реализацијата на предвидените мерки за енергетска ефикасност ќе се одвива според предложениот план, кој може да се усогласува со приливот на финасиски средства и временските услови.

Потребно е секоја мерка на време да се испланира, а посебно внимание да се посвети на квалитетот на реализаторот на предвидената мерка (да не биде единствен критериум цената за остварување на задачата).

Спроведувањето на мерките за улично осветление не е зависно од временските услови. Реализацијата може да се оствари веднаш после донесување на одлука и спроведување на јавната набавка.

## 7. Контрола и известување

Многу битен елемент при реализацијата на Акциониот план за енергетска фикасност претставува и контролата и потврдувањето на постигнатите резултати, после спроведувањето на предвидените мерки. Ова е и една од обврските кои мора да ги исполни општинската администрација.
За таа цел ќе се задолжи предвиденото одделение за енергетска ефикасност да започне веднаш со евидентирање на сите мерки за ЕЕ кои се реализираат. Треба да внесат податоци за состојбата пред реализацијата на мерката и утврдување на состојбата после релизацијата. Врз основа на податоците од мерната опрема треба да се следи големината на заштедата.

Овој тим ќе треба да реагира веднаш ако се утврди отстапување од очекуваните резултати т.е. да се санираат евентуалните оштетувања на системот или да се спречи недомаќинското користење на објектите.

Овие резултати треба ќе бидат внесени во софтверот кој е приготвен за таа цел. На крајот на годината работниот тим треба ќе ги евидентира заштедите на енергија во согласност со националната Методологија з а определување и контрола на заштедата на енергија според

пристапот "од доле-нагоре". Приготвениот извештај потребно е да се достави до Министерството за економија, преку Агенцијата за енергетика.

Вкупно потребни средства за реализација на Акциониот план за ЕЕ на Општина Ѓорче Петров за за 2015 год се **4.293.191,00денари** од кои:

- Енергетска контрола на сите објекти кои се во сопственост на општината и замена на светилките на уличното осветлување со енергетски-ефикасни светилки.........................................**900.000,00ден.**
- Енергетска ефикасност на објекти во надлежност на општината.................................**3.393.131,00ден**.

Надлежен за реализација на основниот **(GD)** Акционен План за Енергетска Ефикасност на Општина Ѓорче Петров за 2015година е градоначалникот и Секторот за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и ЛЕР. Акциониот План (GD) се реализира врз основа на позитивно мислење за Тригодишната Програма за Енергетска Ефикасност (2012-2014) издадено од Агенција за Енергетика на РМ на 13.06.2012год., а во согласност со Одлука од Совет на Општина Ѓорче Петров бр.07-1653/4 од 28.06.2012год. за усвојување и спроведување на истата.

Сите потребни средства за реализација на активностите на овој Акционен План ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2015 година.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров -(Пречистен текст), (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/13), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Програма за остварување на социјална заштита во Општина Ѓорче Петров за 2015 година**

Се објавува Програмата за остварување на социјална заштита во Општина Ѓорче Петров за 2015 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Дваесетишесттата Седница на Советот, одржана на ден 30.10.2014 година.

**Број 08-4600/15**
**од 30.10.2014 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02),а во согласност со член 15 став 1 точка 7 од Законот за град Скопје (Службен Весник на РМ број 55/04), член 3, член 11, член 12 и член 214 став 2 од Законот за социјална заштита („Службен весник на РМ“ број 79/09), и член 16 став 1 точка 16 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров број 18/13), Советот на Општина Ѓорче Петров на 26-тата седница, одржана на ден 30.10.2014 година, ја донесе следната

# П Р О Г Р А М А
## за остварување на социјална заштита во Општина Ѓорче Петров за 2015 година

## I. ПОЈДОВНА ОСНОВА НА ПРОГРАМАТА

Програмата за остварување социјална заштита во Општина Ѓорче Петров за 2015 година, има за цел подобрување на пристапот и квалитетот на социјалната заштита и прецизирање на мерките и активностите преку кои општината ќе ја спроведува социјалната заштита, и тоа:

Со програмата се врши усогласување на социјалната заштита која општината ја дава согласно нејзините надлежности утврдени во законските и подзаконските акти, а во рамки можностите утврдени во Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2015 година, со потребите на граѓаните од подрачјето на Општина Ѓорче Петров. Програмата за остварување социјална заштита во Општина Ѓорче Петров за 2015 година, се носи согласно Националната програма за остварување на социјалната заштита, донесена од страна на Владата на РМ.

## II. МЕРКИ И АКТИВНОСТИ ВО ОСТВАРУВАЊЕТО НА СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА

Општина Ѓорче Петров, со цел обезбедување на социјална заштита за најзините граѓани, ќе ги спроведува следните мерки и активности:

**А. Превентивна заштита**, коа ќе се остварува преку:

- организирање на стручни трибини од обласа на социјалната заштита;
- организирање на стручни предавања за заштита од употреба на дрога, алкохол, пушење и други зависности;
- организирање на предавања за заштита од лица кои се занимаваат со трговија на луѓе;
- семејно насилство;
- подигање на свеста кај граѓаните за недискриминација на лицата од сите категории на инвалидност, прифаќање во семејството, средината и поширокота околина, помош и поддршка на истите;
- здравствено воспитување и слично.

**Б. Парична помош и обезбедување** на посебни мерки и услуги за социјална превенција и заштита за следните категории на лица, согласно можностите и во рамки на расположливите средства во Буџетот на Општината за 2015 година:

-еднократна парична помош за лица за кое е потребна хируршка интервенција во странство, тешко болни лица и приматели на терапија, кои не се во можност финансиски да ги покријат трошоците за лекување;

- самохрани родители;
- децата без родители и родителска грижа;
- еднократна помош на поединец или семејство кое се нашло во положба на природна непогода (земјотрес, поплава пожар);
- еднократна парична помош за лица корисници на минимална социјална помош

## III. ПОСТАПКА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПОСЕБНИТЕ ВИДОВИ НА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

### А. Превентивна заштита

#### 1. Цел

Основна цел оваа активност е организирање на стручни трибини, предавања,превземање на превентивни мерки за намалување на бројот на лица зависни од употреба на дроги, алкохол, пушење и зависности од други штетни супстанции, намалување на семејното насилство, подигање на свеста за недискрининација на лицата од сите видови на инвалидност и превземање на мерки за здравствено воспитување.

#### 2.Носител

Оваа активност, како посебна мерка во рамки на реализација на програмата за социјална заштита на Општина Ѓорче Петров за 2015 година, ќе се спроведе од страна на Сектор за нормативно-правни работи и Секторот за финансиски прашања на Општина.

#### 3. Планирање на финансики средства

Средствата за рализација на ова активност ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2014 година.

За спроведување на оваа активност како посебен мерка при обезбедувањето на социјалната заштита во Општина Ѓорче Петров, потребни се годишни средства во износ од 70.000,00 денари.

**Б. Парична помош и обезбедување на посебни мерки и услуги за социјална превенција и заштита за одредени категории на лица**

**1. Цел**

Согласно можностите и во рамки на расположливите средства во Буџетот на општината за 2015 година, општината финансиски ќе потпомага и ќе пружа услуги за социјална превенција и заштита за одредени категории на лица:

Основна цел на оваа активност, е согласно надлежноста на општината во обласа на социјалната заштита, утврдена во Законот на локална самоуправа(„Службен весник на РМ" бр. 05/02), како и посебните законски и подзаконски акти во оваа област, општината да им излезе во пресрет на здравствено, финансиски или на друг начин загрозените лица, кои имаат потреба од социјална заштита, превенција и помош.

**2. Корисници**

Корисници на парична помош, мерки и услуги за социјална превенција и заштита, се следните ктегории на лица:

- еднократна парична помош за лица за кое е потребна хруршка интервенција во странство, тешко болни лица и приматели на терапија, кои не се во можност финансиски да ги покријат трошоците за лекување;
- децата без родители и родителска грижа;
- еднократна помош на поединец или семејство кое се нашло во положба на природна непогода (земјотрес, поплава пожар);
- еднократна парична помош за лица корисници на минимална социјална помош

**3. Висина на помошта и потребна документација**

Висината на надоместокот, видовите на мерки и услуги за социјална заштита и превенција за горенаведените категории на лица, ќе се утврдува врз основа на поднесени барања, со комплетна документација од која би се потврдил основот на барањето, а по дадено позитивно мислење од страна на Комисијата формирана од Градоначалникот за финансиска помош до 50.000,00 денари, односно, по дадено позитивно мислење од страна на Комисијата за образование, социјална заштита, заштита на децата и здравствена заштита и по предлог на Комисијата за финансирање за финансиска помош над 50.000,00 денари, односно донесена одлука од страна на Советот на Општина Ѓорче Петров.

Решенијата за доделување на оваа помош ќе ги донесува Градоначалникот, односно, Одлуките ќе ги донесува Советот на Општина Ѓорче Петров.

**4.Носител**

Оваа активност, како посебна мерка во рамки на реализација на програмата за социјална заштита на Општина Ѓорче Петров за 2015 година, ќе се спроведе од страна на општината Ѓорче Петров, преку надлежните Сектор за нормативно- правни работи и Секторот за финансиски

прашања на Општина Ѓорче Петров, а во согласност со Правилникот за критериуми за доделување парична помош.

**5.Извори на средства**

Средствата за исплата на парична помош и за обезбедување на посебни мерки и услуги за социјална превенција и заштита за горенаведените категории на лица, во рамки на расположливте средства во Буџетот.

За спроведување на оваа активност како посебен мерка при обезбедувањето на социјалната заштита во Општина Ѓорче Петров, потребни се годишни средства во износ од 500.000,00 денари.

Граѓаните кои се корисници на социјални парични надоместоци, можаат да бидаат работно ангажирани од страна на Општина Ѓорче Петров за изведување на јавни работи во соработка со Центарот за социјална работи и Агенцијата за вработување на република Македонија, Општината може за нивното ангажирање да исплаќа дополнителен надоместок во рамки на средствата предвидени во Буџетот.

Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров", а ќе се применува во текот на 2015 година .

**Број 07-4498/17**
**Од 30.10.2014 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**П р е т с е д а т е л,**
**Гоце Петрески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров -(Пречистен текст), (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/13), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Програма за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа на културата и поддршката на невладиниот сектор во 2015 година**

Се објавува Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа на култура и поддршката на невладиниот сектор во 2015 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Дваесетишесттата Седница на Советот, одржана на ден 30.10.2014 година.

**Број 08-4600/16**
**од 30.10.2014 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 15 став 1 точка 15 од законот за Град Скопје ( „Службен весник на Република Македонија " бр.55/04) и член 16 став 1 точка 16 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/13), Советот на Општина Ѓорче Петров на 26-тата седница одржана на ден 30.10.2014 година, ја донесе следната

**П Р О Г Р А М А**
**за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа културата и поддршката на невладинот сектор во 2015 година**

## I. ЦЕЛИ

Основни цели на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа на културата и поддршката на невладиниот сектор во 2015 година, се:

1. Институционална и финансиска поддршка на културни установи и проекти од значање за Општината;
2. Негување на фолклорот, обичаите, старите занаети и слични културни вредности;
3. Организирање културни манифестации, поттикнување на разновидни специфични форми на творештво и
4. Одбележување на настани и личности од значање за општината;

## II. АКТИВНОСТИ

За реализација на целите на Програмата Општина Ѓорче Петров ќе ги превземе сите потребни активности и ќе ги стави на располагање техничките и човечките ресурси.

Во контекст на ова активностите најмногу ќе се насочуваат кон одржување на континуитетот на традиционалните културни манифестации.

Во текот на 2015 година, во Општина Ѓорче се планира да се организираат следните културни активности

## А. Организирање на културни манифестации

| Ред. број | Активности | рок | носител | Предвидени с/ва во Буџетот на Општина Ѓ.Петров |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | Прослава на Водици | Јануари | Општина Ѓ.Петров Одделение за јавни | **30.000,00 ден.** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | дејности | |
| **2.** | Доделување на награди и признанија за најдобро украсен двор и куќа | Јануари | Општина Ѓ.Петров Комисија за награди и признанија | **20.000,00 ден.** |
| **3.** | Прослава на верскиот празник св Трифун | Февруари | Општина Ѓ. Петров Одделение за јавни дејности | **50.000,00 ден** |
| **4.** | Осмомартовски концерт | Март | Општина Ѓорче Петров Одделение за јавни дејности | **30.000,00 ден** |
| **5.** | Седма ликовна колонија *Кучково | април | Општина Ѓорче Петров Наставници по ликовно од основните училишта | **50.000,оо ден** |
| **6.** | Избор на најдобра маска од училишниот Првоаприлски карневал | Април | Општина Ѓорче Петров Одделение за јавни дејности | **30.000,00 ден** |
| **7.** | Велигденски огномет | Април | Општина Ѓорче Петров Одделение за јавни дејности | **60.000,00 ден** |
| **8.** | Прослава на денот на Крстот Кучково | Мај | Општина Ѓорче Петров и МЗ Кучково | **400.000,00ден** |
| **9.** | Полагање цвеќе по повод Денот на победата перотив фашизмот | Мај | Општина Ѓорче Петров, Одделение за јавни дејности | **20.000,00ден.** |
| **10.** | Чествување на патронот на општината, посета на гробот на револуционерот Ѓ.Петров | 28- Јуни | Општина Ѓ.Петров Одделение за јавни дејности | **100,000,00ден** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **11.** | Одбележување на денот на паднатите бранители во 2001 | 10-август | Општина Ѓ.Петров Одделение за јавни дејности | **20.000,оо ден.** |
| **12..** | Празник на Општината- Свечена седница и Доделување награди и признанија и културна програма | 20-Септември. | Општина Ѓ.Петров Комисија за награди и признанија | **300.000,00 ден.** |
| **13.** | Детски фестивал Соната | Септември | Општина Ѓ.Петров Одделение за јавни дејности | **90.000,00ден** |
| **14.** | Фолклорна вечер со познати естрадни уметници | Септември | Општина Ѓорче Петров Општина Ѓ. Петров Одделение за јавни дејности | **30.000,оо ден.** |
| **15.** | Меѓунадоден детски фолклорен собир | Септември | Општина Ѓ.Петров Одделение за јавни дејности | **40.000,оо ден** |
| **16.** | Концерт на хорот при МКЦ-Дела од мак. автори | Септември | СВ.Петар и Павле- Ѓорче Петров | . **20.000,оо** |
| **15.** | Одбележување на државни празници во 2015 год. | тековно | Општина Ѓ.Петров Одделение за јавни дејности | **30.000,оо ден** |
| **17.** | Одбележување на ослободувањето на Ѓ.Петров и Град Скопје | 13.11.2015 14.11.2015 | Општина Ѓ. Петров Одделение за јавни дејности | **30.000,оо ден** |

**Вкупно : 1.350.000,00 денари**

## Б. Поддршка на установи и НВО од областа на културата

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | Поддршка на програмата на КУД Григор Прличев | концерти и гостувања | Општина Ѓ. Петров Одделение за јавни дејности | **120.000,оо ден** |
| **2.** | Подршка на автори-творци поединци во областа на културата | Издавање на книги, компонирање,снимање на песни во студија од народното творештво на територијата на општината Ѓорче Петров, | Општина Ѓ. Петров Одделение за јавни дејности | **200.000,00 ден.** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **3.** | Поддршка на други НВО и институции од областа на културата и творештвото | Активности на невладините организации во рамките на општината. | Општина Ѓ. Петров Одделение за јавни дејности | **200.000,00ден .** |
| **4..** | Организирање на самостојни и здружен хуманитарни акции | Концерти, изложби и сл. | Општин Ѓ. Петров Одделение за јавни | **300.000,00ден** |
| **5.** | Организирање на изложби | Премиерни изложби на млади и на познати автори | Општина Ѓ.Петров Одделение за јавни дејности | **150.000,00ден.** |
| **6.** | Рекламирање на рад и тв станици | За потребите на општината по повод разни настани од секојдневната работа на општината | Општин Ѓ. Петров Одделение за јавни дејности | **400.00,00ден.** |
| **7.** | Фотографирање и снимање | За потребите на општината | Општина Ѓ. Петров Одделение за јавни дејности | **300.00,00ден.** |
| | | | **Вкупно:** | **3.020.000,00 ден.** |

И оваа година со Програмата за активностите на општина Ѓорче Петров во областа на културата и поддршка на невладиниот сектор за 2015 година е предвидено да се организира:

## В. КУЛТУРНО ЛЕТО - ЃОРЧЕ ПЕТРОВ 2015 ГОДИНА

Заради ефикасност и подобар квалитет на предвидените содржини оваа програма планирано е да трае 10 дена во втората половина од месец јули. До оваа година манифестација "Културно лето-Ѓорче Петров" (КУЛ-ЛЕТО) беше развлечена во неколку месеци од што произлезе лошо следење и информирање на граѓаните. Бидејќи медиумите во летниот период работат со намален број на екипи на терен, не успеваат навремено да ја информираат јавноста и се губи на квалитетот во медиумското покривање.Сите овие показатели наметнаа поинаков пристап кон оваа многу следена и популарна манифестација. Таа треба да се сведе на 10 концерти кои ќе се одржуваат следователно, вечер по вечер, со што би се задржало вниманието на граѓаните и медиумите ќе можат полесно да следат и да информираат од настаните. Со оглед на тоа дека неколку скопски општини своите културни понуди ги реализираат во месец август , промената на терминот е од оправдани причини. Со оваа нова програмска шема ке бидат задоволени сите вкусови и ќе се зголеми посетеноста.

Невладиниот сектор од областа на културата ќе треба да достават свои програми со што ќе се добие целосен увид на потребите. Средствата за подршка на проекти од НВО ќе се распоредат според понудените програми и интересот на јавноста.

## Г. Предлог содржина на програмата за Културно лето 2015

| Реден број | активност | рок и место на одржување | Носител | учесници | Предвид. средства во Буџетот |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Отварање на манифестацијата | КУЛ-лето Ѓорче Петров4-јули Реонски парк | Општина Ѓ.Петров | ПОП пеачи | **120.000,00 ден** |
| 2. | Целовечерен концерт на КУД Григор Прличев | КУЛ-лето Ѓорче Петров 5-јули реонски парк | Општина Ѓ.Петров | КУД-ови | **20.000,00 ден.** |
| 3. | вечер на забавна музика | КУЛ-лето Ѓорче Петров 6-Јули Реонски парк | Општина Ѓ.Петров | познати естрадни имиња | **60.000,00 ден** |
| 4. | Концерт на млади фолк пеачи | КУЛ-летоЃор;е Петров 7-Јули Р.Парк | Општина Ѓорче Петров | познати естрадни имиња | **20.000,00 ден** |
| 5. | Гостување на Детскиот фестивал *Залатно славејче* | КУЛ-лето Ѓорче Петров 8-јули. Реонски Парк | Општина Ѓорче Петров | Деттски фестивал | **10.000,00 ден.** |
| 6. | Хумористична-забавна вечер | 9-Јули Реонски Парк | Општина Ѓорче Петров | Познати пеачи и актери | **20.000,00 ден** |
| 7. | Настап на Фолклорни градски КУД-ви | 10-Јули Реонски парк | Општина Ѓорче Петров | Кутурно-уметнички ансамбли | **40.000 ден** |
| 8. | Настап на Танчерски латино школи од Скопје и регионот | 11-Јули Реонски парк | Општина Ѓорче Петров | Танчерски школи | **40.000 ден** |
| 9. | Ревија на народни носии од скопско | 12-Јули Реонски парк | Општина Ѓорче Петров | повеќе КУД-ви | **30.000,00 ден** |
| 10. | Хумористична претстава | 13-Јули Реонски парк | Општина Ѓорче Петров | Глумци од Драмски театар | **15.000,00 ден** |
| 11. | Фолк вечер | Август. Реонски парк | Општина Ѓорче Петров | Познати фолк пеачи | **60.000,00 ден** |
| 12. | Вечер на сериозна музика | Август Реонски парк | Општина Ѓорче Петров | Деца од ОУ | **30.000,00 ден** |
| 13. | Поп концерт со познати изведувачи | Август Реонски парк | Општина Ѓорче Петров | Познати поп пејачи | **60,000** ден |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **14.** | Завршна фолколорна вечер | Август реонски парк | Општина Ѓорче Петров | КУД-ови од Скопско | **30.000,00 ден.** |
| **15.** | Илинденски концерт | Август реонски парк | Општина Ѓорче Петров | Музичко-забавна вечер | **40.000,00 ден.** |

**Вкупно: 595,000,00**

## П Р О Г Р А М А
## ПРЕДВИДЕНА ЗА ВО ЦЕНТАРОТ ЗА КУЛТУРА „ЃОРЧЕ ПЕТРОВ“
## за 2015 година

| **ред. бр.** | **Активност** | **Rok и место на одржување** | **Nоситeл** | **Yчесници** | **Pредвидеи. и средства во Буџет** |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| **1.** | Концерт на учесници о СМБУЦ Николовски Лу Скопје | ноември | Општина Ѓорче Петров | Гости од СМБУЦ Л.Николовски | **10.000,00 ден** |
| **2.** | Солистички концерт | 13 Ноември-ослободувањ е на г. Скопје | Општина Ѓорче Петров | Познати имиња од естрадата | **40.000,00 ден** |
| **3.** | Солистички концерт | 14 Ноември-ослободувањ е на ѓорче петров | Општина Ѓорче петров | Познати имиња од естрадата | **40.000,00 ден** |
| **4.** | Новогодишна гала музичка претстава | Декември | Општина Ѓ.Петров | Гудачки квартет | **30.000,00** |
| **5.** | Детска претстава (куклен театар) | декември | Општина Ѓорче Петров | Актери од Татар за деца и младинци | **30.000,00** ден. |
| **6.** | Литературно читање со наши познати поети | декември | Општина Ѓорче Петров | фестивал реприза Златно славејче | **10.000,00** ден |
| **7.** | Хумористичко-музичка вечер | декември | Општина Ѓорче Петров | Познати имиња од македонската Естрада и | **15.000,00** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | актери од Драмскиот театар | ден |
| **8.** | Општински Новогодишен коктел | декември | Општина Ѓорче Петров | Доделување на признанија | **120.000,00 ден** |
| **9.** | Монодрама *Јас и татко ми* - Васил Шишков | Јануари | Општина Ѓорче Петров | Актерот Васил Шишков | **30.000,00** ден |
| **10..** | Божична претстава за деца | Јануари | Општина Ѓорче Петров | Универзална сала | **15.000,00** |
| **11.** | Осмомартовска средба на вработените во Општината и училиштата | Март | Општина Ѓорче Петров | Вработените во Општината и училиштата | **10.000,00** ден. |
| **12.** | Кексијата (натпреварувачка вечер за избор на најдобри колачи) и ќе има хуманитарен карактер | Март | Општина Ѓорче Петров | Натпреварувачи од сите скопски општини на Град Скопје | **30.000,00 ден** |
| **13.** | Фолклорна вечер | Март | Општина Ѓорче Петров | Културно-уметнички друштва од градот Скопје | **20.000,00** ден |
| **14.** | Училишни натпревар,, НИЕ СМЕ НАЈДОБРИ,, | Март | Општина Ѓорче Петров | Учество ќе земат ученици од ОУ во Општината | **20.000,00** ден |
| **15.** | Априлијада - Избор на најубава маска | Април | Општина Ѓорче Петров | Учество ќе земат ученици од ОУ во Општината | **15.000,00** ден |
| **16.** | Драмска престава | Април | Општина Ѓорче Петров | Актер Петар Темелковски | **15.000,00** ден |
| **17.** | Поетски средби | Април | Општина Ѓорче Петров | Познати македонски поети | **20.000,00** ден |
| **18.** | Концерт ТАНЕЦ | Април | Општина Ѓорче Петров | - | **30.000,00.** |

**ВКУПНО: 500.000,00 ден.**

ПЛАНИРАНИ СРЕДСТВА ЗА 2015 ГОДИНА............................ **4.115.000,00**
АУДИО ОПРЕМА.............................................................................. **300.000,00**
**ВКУПНО ЗА 2015** ........................................................................ **4. 415. 000,00**

1. Заради заштеда на енергија и намалување на трошоци за одржување, дел од културната програма ќе се одржува во Реонскиот парк, како воспоставена традиција , кога временските услови ќе го дозволат тоа .

2. Во програмата на Центарот за култура - Ѓорче Петров се планира и самофинансирање, т.с. издавање на Центарот под наем за одредени намени.

3. Цената за наемнина ќе зависи од условите и побарувања од нарачателите за користење на опремата со која располага домот.

4. Сите термини кои ќе бидат слободни а ќе бидат од јавен интерес на граѓаните ќе се испочитуваат од одговорните во Центарот на култура Ѓорче Петров.

5. За потребите на Градоначалникот и Советот при општината, термините ќе се договараат со одделението за работи на градоначалникот во координација со управителот на Центарот на култура.

6. За потребите на училиштата и градинката од нашата општина салата ќе се издава бесплатно.

## III. ФИНАНСИРАЊЕ

Финансирањето на активностите утврдени со ова Програма е предвидено во Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2015 година.

Определени финансиски средства можат да бидат обезбедени и од спонзорства и донации.

За активностите од областите што ги опфаќа Програмата, а кои со својата актуелност, квалитет и општествен интерес кои ќе се појават во текот на 2015 година, ќе бидат предвидени дополнителни финансиски средства во Буџетот на Општина Ѓорче Петров. Во буџетот треба да се предвидат и средства за аудио и светлосна опрема во Центарот во висина од **300.000,00** денари со што би се задоволиле потребите за аудио-светлосните услуги кои ќе ги дава Центарот за култура во иднина.

## IV. ДРУГИ ФОРМИ НА ПОДДРШКА

Освен со финансиски средства Општина Ѓорче Петров, културните манифестации ќе ги помага и со:

- почесно покровителсто;
- доделување на награди и признанија;
- обезбедување на техничка и друга помош;
- учество на промотивни и протоколарни средби;

## V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Реализацијата и следењето на активностите од ова Програма ќе се одвива преку Комисијата за култура,спорт,млади, признанија и награди и Одделението за работи на Градоначалниклот и дејности од јавен интерес.

Програмата е отворена за предлози, сугестии и мислења.

Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 07-4498/18** **Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Од 30.10.2014 година** **Претседател,**
**Скопје** **Гоце Петрески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров -(Пречистен текст), (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/13), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Програма за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа на спортот, рекреацијата и поддршката на невладиниот сектор за 2015 година**

Се објавува Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа на спортот, рекреацијата и поддршката на невладиниот сектор за 2015 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Дваесетишесттата Седница на Советот, одржана на ден 30.10.2014 година.

**Број 08-4600/17** **ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**од 30.10.2014 година** **ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Скопје** **Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 22-а од Законот за спорт и член 16 став 1 точка 16 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-(Пречистен текст) ( Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/13), Советот на Општина Ѓорче Петров на 26-тата седница одржана на ден 30.10.2014 година, ја донесе следната

**П Р О Г Р А М А**
**за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа на спортот, рекреацијата и поддршката на невладинот сектор во 2015 година**

## I. ЦЕЛИ

Основни цели на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа на спортот, рекреацијата и поддршката на невладиниот сектор во 2015 година, се:

1. **Развој на училишниот спорт и реализирање на сите програмски активности од оптинско , регионално и државно натпреварување.**
2. Учество на Општината во организирањето и збогатувањето на спортско-рекреативниот живот на младите со посебен акцент на масовниот
3. Создавање услови за реализирање на спортско-рекреативните активности на граѓаните, посебно младите и здруженијата на граѓани од областа на спортот;
4. Преку спортот и рекреацијата, афирмација на Општината како развиен спортски центар во Република Македонија и надвор од неа;
5. Создавање на услови за правилно насочување на младите и организирање на нивните спортски активности;

## II. АКТИВНОСТИ

За реализирање на целите на оваа Програма, Општина Ѓорче Петров ќе ги превземе сите потребни активности и ќе ги стави на располагање своите **технички и човечки ресурси**.

Активностите најмногу ќе се насочуваат кон сочувување на континуитетот на традиционалните манифестации, развивање на масовниот спорт, поддржување на екипи и поединци кои постигнуваат врвни резултати и ја афирмираат Општина Ѓорче Петров во државата и надвор од неа.

Во текот на 2015 година, во Општина Ѓорче Петров се планира да се спроведат следните спортски активности.

**А.Спортски манифестации**

| Р. Бр. | А.Спортски Манифестации | рок | носител | Предвидени с/ва во Буџетот на Општина Ѓ.Петров | |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | ДЕН НА КРСТОТ **Традиционални селски игри** | 01.05. 15г | Општина Ѓорче Петров | **250.000,оо** | **позиции** |
| | | | | 20.000,оо | Транспорт на луѓе |
| | | | | Релација: Кучково – Општина и обратно | |
| | | | | 10.000,оо | Прехрамбени продукти |
| | | | | Пиалоци... | |
| | | | | 150.000,оо | Услуги за печ., коп.,и изд. |
| | | | | Маици, дипломи, медаљи, пехари.. | |
| | | | | 10.000,оо | Други оперативни расходи |
| | | | | Фотографирање, озвучување.... | |
| | | | | 30.000,оо | Други мат. за специ. намена |
| | | | | Реквизити ... | |
| | | | | 30.000,оо | Други договорни услуги |
| | | | | Договорени услуги од спортисти | |
| **2.** | **Бон-бон куп** Забавно спортска рекреација за деца | 9.06. 15г. | Општина Ѓорче Петров - | **50.000,оо** | **позиции** |
| | | | | 20.000,оо | Транспорт на луѓе |
| | | | | Релација : Основни улилишта – Стадион | |
| | | | | 10.000,оо | Други оперативни расходи |
| | | | | Фотографирање, озвучување... | |
| | | | | 10.000,оо | Прехрамбени продукти |
| | | | | Пиалоци ... | |
| | | | | 10.000,оо | Други мат. за специ. намена |
| | | | | Реквизити ... | |
| **3.** | **Меѓународен новогодишен кошаркарски турнир** | 16.09. 2015г | Општина Ѓорче Петров | **40.000.оо** | **позиции** |
| | | | | 10.000,оо | Услуги за печ., коп.,и изд. |
| | | | | медаљи пехари, маици, дипломи ... | |
| | | | | 10.000,оо | Прехрамбени продукти |
| | | | | пиалоци, оброци ... | |
| | | | | 10.000,оо | Други оперативни расходи |
| | | | | Фотографирање, озвучување.... | |
| | | | | 10.000,оо | Други мат. за специ. намена |
| | | | | Реквизити ... | |
| **4.** | **Ридско-планинска велосипедска** | 16.09. 2015г | Општина Ѓорче Петров -месни и урбани | **170.000,оо** | **позиции** |
| | | | | 104.000,оо | - Услуги за печ., коп. и изд |
| | | | | 3.000,оо | - Прехрамбени продукти |
| | | | | 20.000,оо | - Транспорт на луѓе |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | трка<br>“ Ѓорче 2014“ | | заедници- | 3.000,оо | - Други оперативни расход |
| | | | | 40.000,оо | - Трансфер до клубови |
| **Вкупно** | | | | **510.000,оо** | |

**А.1.Спортски манифестации по повод Празникот на општината**

| **Р. Бр.** | **А.1.Спортски Манифестации по повод празникот** | **рок** | **носител** | **Предвидени с/ва во Буџетот на Општина Ѓ.Петров** | |
|---|---|---|---|---|---|
| **5.** | **Традиционален крос** за ученици од О. У. | 20.09. 15 г. | Општина Ѓорче Петров | **35.000,оо** | **позиции** |
| | | | | 30.000,оо | Услуги за печ., коп.,и изд. |
| | | | | Пехари, дипломи, медаљи, маици... | |
| | | | | 5.000,оо | Други оперативни расходи |
| | | | | Фотографирање, озвучување... | |
| **6.** | **Турнир во шах** | 19.09. 15 г. | Општина Ѓорче Петров | **35.000,оо** | **позиции** |
| | | | | 30.000,оо | Услуги за печ., коп., и изд. |
| | | | | маици, дипломи, пехари, медаљи ... | |
| | | | | 5.000,оо | Други оперативни расходи |
| | | | | Фотографирање, озвучување ... | |
| **7.** | **Турнир во мал фудбал “Ѓорче Петров КУП 2015“** | 20.09. 15г | Општина Ѓорче Петров | **250.000,оо** | **позиции** |
| | | | | 150.000,оо | Трансфер до невлади. орг. |
| | | | | Награди за прво, второ и трето место | |
| | | | | 60.000,оо | Услуги за печ., коп., и изд. |
| | | | | Дресови, маици, дипломи, медаљи, пехари ... | |
| | | | | 10.000,оо | Прехрамбени продукти |
| | | | | Пиалоци... | |
| | | | | 30.000,оо | Други оперативни расходи |
| | | | | Фотографирање, озвучување... | |
| **8.** | **Тениски турнир “Ѓорче Петров ОПЕН“** | 19.09. 15г | Општина Ѓорче Петров | **25.000,оо** | **позиции** |
| | | | | 20.000,оо | Услуги за печ., коп., и изд. |
| | | | | дипломи, пехари, медаљи... | |
| | | | | 5.000,оо | Други оперативни расходи |
| | | | | Фотографирање, озвучување... | |
| **9.** | **Коњичко дефиле** | 20.09. 15 г | Општина Ѓорче Петров | **75.000,оо** | **позиции** |
| | | | | 35.000,оо | Услуги за печ., коп., и изд. |
| | | | | медаљи, дипломи, пехари, маици, дипломи... | |
| | | | | 20.000,оо | Прехрамбени продукти |
| | | | | пиалоци... | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | 20.000,оо | Други оперативни расходи |
| | | | | Фотографирање, озвучување ... | |
| **10.** | **Меѓународен кошаркарски турнир** | 25.12. 15 г | Општина Ѓорче Петров | **30.000.оо** | **позиции** |
| | | | | 10.000,оо | Услуги за печ., коп.,и изд. |
| | | | | медаљи, дипломи, пехари, маици, дипломи... | |
| | | | | 10.000,оо | Прехрамбени продукти |
| | | | | пиалоци... | |
| | | | | 10.000,оо | Други оперативни расходи |
| | | | | Фотографирање, озвучување | |
| вкупно | | | | **450.000,оо** | |

**А.2.Спортски манифестации –турнири**

| Ред бр | А.2.Спортски Манифестации – турнири | рок | носител | Предвидени с/ва во Буџетот на Општина Ѓ.Петров | |
|---|---|---|---|---|---|
| **10.** | Подршка на **Традиционални турнири** | Мај-окт 2015г. | Општина Ѓ.Петров | **175.000,оо** | **позиции** |
| | | | | 100.000,оо | Услуги за печ., коп., и изд. |
| | | | | пехари, дресови,маици, медаљи, топки ... | |
| | | | | 20.000,оо | Други оперативни расходи |
| | | | | Фотографирање, озвучување ... | |
| | | | | 5.000,оо | Прехрамбени продукти |
| | | | | Води, сокови ... | |
| | | | | 10.000,оо | Други мат. за специ. намена |
| | | | | Реквизити ... | |
| | | | | 40.000,оо | Трансфер до спортски клуб. |
| | | | | Награди за прво, второ и трето место ... | |
| **11.** | Подршка на **Меморијални Турнири** | Авг-окт. 2015г. | Општина Ѓ.Петров | **175.000,оо** | **позиции** |
| | | | | 100.000,оо | Услуги за печ., коп., и изд. |
| | | | | пехари, дресови,маици, медаљи, топки ... | |
| | | | | 20.000,оо | Други оперативни расходи |
| | | | | Фотографирање, озвучување ... | |
| | | | | 5.000,оо | Прехрамбени продукти |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Води, сокови | |
| | | | | 10.000,оо | Други мат. за специ. намена |
| | | | | Реквизити ... | |
| | | | | 40.000,оо | Трансфер до спортски клуб. |
| | | | | Награди за прво, второ и трето место ... | |
| **Вкупно** | | | | **350.000,оо** | |
| **Вкупен износ на предвидени финансиски сретства за спортски манифестации:** | | | | **1.310.000,оо ден.** | |

**Б.Поддршка на Невладини организации**

| **Р. Бр.** | **Б.Поддршка на НВО** | **рок** | **носител** | **Предвидени с/ва во Буџетот на Општина Ѓ.Петров** | |
|---|---|---|---|---|---|
| **12.** | **училишни натпревари** | Тек | **Општински Сојуз на училишен спорт Ѓорче Петров**<br>За доставена програма | **710.000,оо ден.** | **позиции** |
| | | | | **175.000,оо** | - Услуги за печ., коп.,и изд |
| | | | | **15.000,оо** | - Прехрамбени продукти |
| | | | | **75.000,оо** | - Транспорт на луѓе |
| | | | | **30.000,оо** | - Други оперативни расход |
| | | | | **65.000,оо** | - Други материјали за специјална намена |
| | | | | **350.000,оо** | - Трансфер до невлади. орг. |
| **13.** | **Популаризирање, афирмирање на училишните лиги и спортските клубови** | Тек | **Спортско радио 90,3 фм и други медиуми** | **100.000,оо ден.** | **позиции** |
| | | | | За доставен меѓусебен договор за соработка | - Други оперативни расход |
| **14.** | | | | **120.000,оо** | **позиции** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **Забавна училишни натпревари** | Јули-Авг | **Отворени забавни фудбалски школи Македонија** | **ден.** | |
| | | | | За доставен меѓусебен договор за соработка | Трансфер до невладина орг. |
| **15.** | **Превенција на ученици** (Спорт- полиција- школо) | Јули-Авг | **Отворени забавни фудбалски школи Македонија** | **70.000,оо ден.** | **позиции** |
| | | | | За доставен меѓусебен договор за соработка | Трансфер до невладина орг.. |
| **16.** | **Едукации за превентива на девијантни, штетни појави во спортот** | тек | **Здруженија на граѓани** | **100.000,оо ден** | **позиции** |
| | | | | За доставени програма | Трансфер до невладина орг. |
| **Вкупен износ на предвидени финансиски сретства за Поддршка на НВО:** | | | | **1.100.000,оо ден** | |

**В. Поддршка на спортисти и спортски клубови**

| **Р. Бр.** | **В. Поддршка на спортисти и спортски клубови** | **рок** | **носител** | **Предвидени с/ва во Буџетот на Општина Ѓ.Петров** | |
|---|---|---|---|---|---|
| **18.** | Поддршка на **врвни спортисти** | Тек | Општина Ѓ.Петров | **120.000** | **позиции** |
| | | | | **100.000 ден** | Трансфер до спортски клуб. |
| | | | | **Еднокр.помош**<br>- Нагр. за успеси<br>- Учество на тур. | |
| | | | | **20.000 ден** | - Други материјали за специјална намена |
| **19.** | Поддршка на **млади талентирани** | Тек | | **120.000 ден** | **позиции** |
| | | | | **100.000 ден** | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **спортисти** | | Општина Ѓ.Петров | **Еднокр.помош** - Нагр. за успеси - Учество на тур | Трансфер до спортски клуб. |
| | | | | **20.000 ден** | - Други материјали за специјална намена |
| **20.** | Поддршка на **спортски клубови** | Тек | Општина Ѓ. Петров | **200.000 ден.** | **позиции** |
| | | | | **150.000 ден.** | Трансфер до спортски клуб. |
| | | | | **Еднокр.помош** - Нагр. за успеси - Учество на тур. | |
| | | | | **50.000 ден** | - Други материјали за специјална намена |
| **Вкупен износ на предвидени финансиски сретства за Поддршка на спортисти и спортски клубови:** | | | | **440.000,оо ден** | |

| | |
|---|---|
| **Вкупен износ на финансиски сретства:** | **2.850.000 ,оо ден** |

## III. ФИНАНСИРАЊЕ

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма е предвидена во Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2015 година.

Определени финансиски средства можат да бидат обезбедени и од спонзорства и донации.

За активностите од областите што ги опфаќа Програмата, а кои со својата актуелност, квалитет и општествен интерес кои ќе се појават во текот на 2015 година, ќе бидат предвидени дополнителни финансиски средства во Буџетот на Општина Ѓорче Петров.

## IV. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Реализацијата и следењето на активностите од ова Програма во делот на спортот ќе се одвива преку Комисијата за култура, спорт, млади, признанија и награди и Одделението за работи на градоначалникот и дејности од јавен интерес.

Програмата е отворена за предлози, сугестии и мислења.

Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 07-4498/19**
**Од 30.10.2014 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**П р е т с е д а т е л,**
**Гоце Петрески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров -(Пречистен текст), (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/13), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

## РЕШЕНИЕ
**за објавување на Програма за заштита, спасување и кризи на Општина Ѓорче Петров за 2015 година**

Се објавува Програмата за заштита, спасување и кризи на Општина Ѓорче Петров за 2015 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Дваесетишесттата Седница на Советот, одржана на ден 30.10.2014 година.

**Број 08-4600/18**
**од 30.10.2014 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 34 од Законот за заштита и спасување ( „Службен весник на Република Македонија“ бр.36/04,49/04,86/08,85/09,124/10 и 18/11), член 5 став 2 алинеа 5 од Законот за управување со кризи ( „Службен весник на Република Македонија “ бр.29/05,36/11) и член 16 став 1 точка 16 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/13), Советот на Општина Ѓорче Петров на 26-тата седница одржана на ден 30.10.2014 година, ја донесе следната

# П Р О Г Р А М А
# За заштита , спасување и кризи за 2015 година

## I. Вовед

Заштитата и спасувањето претставува збир на мерки и активности кои се преземаат од страна на субјектите во системот со цел навреме да се откријат и спречат настанувањата и отстранат последиците од настанатите природни непогоди и други несреќи во мир, вонредна и воена состојба.

Со планските и програмските мерки, кои се преземаат пред настанувањето на природни непогоди и други несреќи за време на настанувањето , по настанатите непогоди и несреќи се овозможуваат реални услови за заштита и спасување на луѓето ,животната средина, материјалните добра ,природните богатства, животинскиот и растителниот свет и културното наследство.

Заштитата и спасувањето е работа од јавен интерес, кој преставува поврзан процес за планирање програмирање организирање ,раководење , командување, координирање , спроведување, финансирање и надзор за навремена и ефикасна превенција. Истата се засновува на следните основни начела :

- Секој има право на заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи
- Приоритет имаат животите и здравјето на луѓето
- Секој граѓанин е должен да помага во рамките на своите можности

Општината и субјектите на својата територија се должни навреме да ги организираат и превземаат превентивните и оперативните мерки за заштита и спасување и за време на кризи.
За не спроведувањето на предвидените мерки и активности согласно законот за заштита и спасување се одговара.
Во денешно време се соочуваме со различни предизвици кои директно се поврзани со природни непогоди и другите несреќи кои во основа се непредвидливи и со истите се причинуваат енормни човечки загуби и предизвикуваат материјални штети.Поради тоа неопходно се наметнува потребата од преземање на превентивни мерки во заштитата и спасувањето.
Општината Ѓорче Петров согласно законот за Заштита и Спасување и управување со кризи и другите подзаконски акти презема соодветни мерки и активности за заштита на граѓаните и материјалните добра на целата територија од општината ,а со предвидените мерки и активности кои се зацртани во оваа програма се сака да се направи чекор напред во заштитата ,спасувањето и управувањето со кризи ,а со цел да се нагласи пред се превентивната улога како предуслов во заштитата на граѓаните и материјалните добра, природните богатства , животинскиот и растителниот свет и културното наследство.

## II. Програмски Активности

1. Ажурирање на процената за загрозеноста од природни непогоди и другите несреќи на територијата на општината Ѓорче Петров .

1.1. Тековно ажурирање на изготвените плански документи по мерките од планот за заштита и спасување.

2. Определување и соодветно опремување на просторија за активности на Општинскиот штаб за заштита и спасување

- Штабска маса со 10 столици
- Метална каса 1
- Статичен телефон 1
- Мобилни телефони 10
- Компјутер 1

Дел од опремата ја има штабот, а за останатиот дел се потребни 50.000,оо ден.

2.1. Определување на магацински простор за сместување на опрема и сретства за работа на Универзалната единица и просторните единици за заштита и спасување.

3 . Облека и обувки за членовите на општинскиот штаб и универзалната единица за заштита и спасување

- Капи ________ 45+10=55
- Блузи _______ 45+10=55
- Пантолони _______45+10=55
- Ветровка _________ 45+10=55
- Јакни ________ 45+10=55
- Кошули со долги ракави 90+20=110
- Кошули со кратки ракави 90+20=110
- Маици со кратки ракави 90+20=110
- Чевли _______ 45+10= 55

За набавка на опремата потребни се 150.000,оо денари

3.1. Опремување на универзалната единица за заштита и спасување со средстваз а работа(метли,лопати, канистри за вода и друг вид на опрема.

Потребни финансски средства 100.000,оо денари.

4. Организирање на еднодневна обука со припадниците определени во универзалната единица за заштита и спасување

- Време на реализација : Второ тромесечие
- Финансиски сретства 30.000,оо денари

4.1. Организирање на предавања за вработените во општината, вработените и учениците од општинските основните училишта и за вработените во ЈОУДГ „ Росица“ од Општината,од областа на заштитата и спасувањето.

- Противпожарна заштита и
- Заштита од земјотреси
- Време на реализација прво и второ полугодие
- Финансиски сретства за ангажирани предавачи и инструктори 10.000,ооденари.

5. Редовен сервис и одржување на противпожарните апарати во општината, месните и урбаните заедници, ЈОУДГ „ Росица“ и основните училишта

- Време на реализација во текот на годината
- Финансиски сретства 120.000,оо денари

5.1. Сервис и одржување на хидрантската опрема во објектите на општината .

- Време на реализација првата половина од годината
- Потребни финансиски сретства 525.000,оо денари.

5.2. Контрола и атестирање на громобранска инсталација

Контролата ќе се реализира во текот на годината.

Потребни финансики средства 100.000,оо денари.

6. Редовна дератизација на шахтите на територијата на општината.
   - Време на реализација Март и Октомври
   - Потребни финансиски сретства 200.000,оо денари

7. Осигурување на општинските објекти и магацини
   - Време на реализација прво тромесечие
   - Потребни финансиски сретства 150.000,оо денари

8. Покренување иницијативи до надлежните институции за формирање на Општински црвен крст Ѓорче Петров и доброволни противпожарни друштва во урбаните и месните заедници во општината .

9. Издвојување сретства за зимско одржување на сервисните и станбените улици и на локалните патишта на територијата на општината 2014/15 година
   - Време за реализација 15 Ноември 2014 – 15 април 2015 година
   - Потребни финансиски сретства 2.000.000,оо денари

10. Определување финансиски сретства за чистење на оџаците на општинските објекти и тоа два пати годишно
   - Време за реализација I и II шестомесечие од годината
   - Потребни финансиски сретства 300.000,оо денари

11. Определување финансиски сретства за граѓани од територијата на општината , за првична финасиска и материјална помош за штети кои настанале од природни непогоди и други несреќи.
   - Време на реализација тековно во годината
   - Потребни финансиски сретства 1.200.000,ооденари .

## III. Финансирање

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма, Во износ од 4.935.000,оо денари,е предвидено со Буџетот на Општина-за 2015 година.

Дополнителни финансиски сретства можат да бидат обезбедени и од спонзорства и донации.

За одредени активности кои не се содржани во Програмата, а за кои Советот на Општина, на предлог на Градоначалникот, ќе се процени дека по својата актуелност се од поширок јавен интерес, за истите ќе бидат предвидени дополнителни финансиски сретства од Буџетот на општината.

По завршување на предвидените активности секој реализатор, е должен до Советот на општината да достави извештај за одобрените и потрошените сретства.

Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 07-4498/20**
**Од 30.10.2014 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**П р е т с е д а т е л,**
**Гоце Петрески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров -(Пречистен текст), (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/13), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување Програма за еднакви можности на жените и мажите**
**на Општина Ѓорче Петров за 2015 година**

Се објавува Програмата за еднакви можности на жените и мажите на Општина Ѓорче Петров за 2015 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Дваесетишесттата Седница на Советот, одржана на ден 30.10.2014 година.

**Број 08-4600/19**
**од 30.10.2014 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална смаоуправа (Службен Весник на РМ бр. 5/02), член 14 став 1 и став 2 од Законот за еднакви можности на мажите и жените (Службен Весник на РМ бр.6/12) и член 16 став 1 точка 16 од Статутот на Општина Ѓорче Петров–пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/13), Советот на Општина Ѓорче Петров на 26-тата седница одржана на ден 30.10.2014 година, донесе:

**ПРОГРАМА**
**од областа на еднаквите можности на жените и мажите**
**на Општина Ѓорче Петров за 2015 година**

## ПОЈДОВНА ОСНОВА НА ПРОГРАМАТА

Врз основа на член 2 од Законот за еднакви можности на жените и мажите Општината Ѓорче Петров има обврска за воспоставување на еднаквите можности на жените и мажите во политичката, економската, социјалната, образовната, културната, здравствената, граѓанската и било која област од општествениот живот. За остварување на оваа цел, Општината, согласно одредбите од член 14 од овој Закон, помеѓу останатото е должна да изработи годишен план во кој ќе бидат утврдени мерките за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите.

Во Општина Ѓорче Петров во периодот од 2010 -2013 год. беше спроведен Акциски план за родова рамноправновст и беа превземени активности во следните приоритетни стратешки области: 1.Човековите права и жената и 2.Жените и семејното насилство.

Со активностите предвидени во Годишната програма од областа на еднаквите можности на жените и мажите, се обезбедува континуитет на активностите во овие две приоритетни стратешки области.

Воедно, преку активностите предвиведни со Програмата ќе се одговори на потребите на жените во Општината Ѓорче Петров идентификувани во текот на реализацијата на проекти и активности од областа на еднаквите можности во 2015 година.

Општината во рамките на проектот „Зајакнување на капацитетите на локалнтата самоуправа и локалните активисти за остварување и креирање на ефективни политики за родова еднаквост„ кој се реализира во соработка Институтот за општествени и хуманистички науки и Акција Здруженска, со финансиска поддршка од UN Women, спроведе процес на оценување на состојбата и можностите на жените за пристап до услуги кои ги овозможува Општината како дел од процесот на истражување на потребите на граѓаните. Овој процес претставува основа за креирање на релевантни родово свесни политики и дел од процесот на вклучување на родовата перспектива во процесите на локалната самоуправа. Резултатите од истражувањето укажуваат на

потребата за подобрување на информирањето на жените за можностите и услугите кои ги нуди општината во доменот на социјалната заштита како и понатамошно унапрдување на овие услуги, вклучување на жените од маргинализираните слоеви на општеството во процесите на економско јакнење (дополнителна едукација и поттикнување за вработување) и вклучување на жените во процесите на одлучување во рамки на месната самоуправа.

Истражувањето исто така укажува на потребата за дополнително зајакнување на капацитетите во општината за вклучување на родовата перспектива во тековните политики и процеси како и потреба за актуелизирање на родовата еднаквост пошироко во јавноста.

## I. Цели

Основни цели за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа на еднаквите можности на мажите и жените за 2015 година се:

- Зајакнување на институционалните капацитети на општината за унапредување на еднаквите можности преку обуки на администрацијата советот, развивање на интерни постапки/механизми за координирано дејствување.
- Јавна промоција на родовата еднаквост како вредност, преку информативни кампањи и манифестации и информирање на жените за услугите и можностите кои ги нуди општината.
- Унапредување на ЕМЖМ во приоритетни области во надлежност на Општината.
- унапредување на заштитата од насилство врз жени,
- унапредување социјалната поддршка на жени, економско зајкнување/вклучување на жени, особено маргинализирани, поттикнување на учество во месната самоуправа).

## II. АКТИВНОСТИ

За остварување на целите на програмата во 2015 година, општината ќе ги спроведе следниве активности:

### 1. Обука на администрацијата за родова анализа

Целта на оваа активност е да се зголеми свесноста и разбирањето на претставниците од општинската администрација за потребата и начините за вклучување на родовата перспектива во процесот на планирање на програмите и проектите од областите кои спаѓаат во нивниот делокруг на работа.

Обуката ќе биде дводневна и ќе биде спроведена од страна на Акција Здруженска и Министерството за труд и социјална политика .

Неопходни услови за спроведување на обуката:

- Подготвена програма и методологија за обука за родова анализа
- Подготвени базични помошни алатки за практична примена на стекнатите знаења

- Обезбедени услови за одржување на обуката

**2. Обука на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите**

Оваа обука ќе биде специјализирана за членовите на Комисијата со цел да се зајакнат нивните знаења и вештините за остварување на специфичните обврски од нивна надлежност.

Обуката која ќе се организира во вид на три еднодневни практични работилници и се фокусира на улогата на Комисијата и начините за влијание на процесите на планирање и одлучување во насока на унапредување на еднаквите можности на жените и мажите, соработката со координаторот за еднакви можности на жените и мажите, како и обука на општинаската администрација за родова еднаквост.

Неопходни услови:

- Подготвена програма и методологија за обука
- Обезбедени услови за одржување на обуката

**3. Изготвување на Стратегија за родова еднаквост**

Стратегијата за родова еднаквост се изработува за период од осум години по Законот за еднакви можности Член 19.

Стратегија за родова еднаквост Општина Ѓорче Петров ќе изготви во периоод од една година во соработка со надворешен стручен соработник и консултаnt.

Предвидено е да се направи анализа на состојбата на жени и мажи во Општина Ѓорче Петров во посебните области на општествениот живот, пред се во областа на вработувањето социјалната заштита и здравствената заштита, образованието, семејните односи и застапеноста на жените и мажите во јавниот живот.

Треба да се формира база - податоци за полова застапеност во општината за родова структура на администрација, родова структура на вработени во јавните установи , родова структура на даночни обврзници, родова структура на образовни институции, градинки итн.

**4. Спроведување на обуки за широката популација и потикнување на форми на ненасилна комуникација и развивање на осетливост за препознавање на форми на дискриминација, разбивање на стереотипи на форми на семејно насилство насилство во врска и врсничко насилество.**

Општината Ѓорче Петров во соработка со Министерство за труд и социјална политика, НВО, Комисија за заштита од дискриминација ќе спроведе обука за широката популација и заради запознавање со формите на дискриминација како и развивање на стереотипи, форми на семејно насилество, насилство во врска и врсничко насилство. Обучувачи ќе бидат претставници од МТСП и Комисијата заштита од дискриминација.

**5 Организирање на обуки за комуникациски и социјални вештини за комисијата и општинската администрација, НВО, ОУ та , градинката .**

Заради потребата од развивање на комуникациски вештини на членовите на комисијата за еднакви можности, општинската администрација, НВО, основните училишта, градинката во Општина Ѓорче Петров ќе се спроведат обуки од стручни лица од МТСП .

За релизација на активностите околу предвидените сретства во Програмата за еднакви можности на жените и мажите за 2015 година потребни се следниве финансиски сретства и тоа :

| ред. број | Активност | Рок и место на одржување | Носител | Прдвидени с-ва во Буџетот на Општината Ѓ. Петров |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Обука за администрација<br>2 дена | Јануари 2015 | Општина Ѓорче Петров Акција Здруженска | **15. 000,00** |
| 2. | Комисија за еднакви можности | - други договорни услуги<br>- други материјали<br>- прехрамбени продукти и пијалоци | | 10.000,00<br>2.000,00<br>3.000,00 |
| 3. | Изготвување на стратегија за родова еднаквост | Февруари 2015-1016 | Општина Ѓорче Петров Стручни соработници | **100.000,00** |
| | | - други договорни услуги (надворешен соработник и консултант)<br>- други материјали<br>- прехрамбени продукти и пијалоци | | 70.000,00<br>15.000,00<br>15.000,00 |
| 4. | Спроведување на обука за широката популација и поттикнување на ненасилна комуникација и развивање на осетливост за | Април 2015 | Општина Ѓорче Петров МТСП и Комисија за заштита од дискриминација | **18. 000,00** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | препознавање на форми на дискриминација , разбивање на стереотипи , форми на семејно насилство , насилство во врска и врсничко насилество . | - други договорни услуги ( 2 ца обучувачи )<br>- други материјали<br>- прехрамбени продукти и пијалоци | | 12.000,00<br><br>2.000,00<br>4.000,00 |
| 5. | Организирање на обуки за комуникациски и социјални вештини за Комисијата за еднакви можности, општинскта администрација , НВО , ОУ та, градинка | Јуни 2015 | Општина Ѓорче Петров | **16.000,00** |
| | | - други договорни услуги ( стручен соработник )<br>- други материјали<br>- прехрамбени продукти и пијалоци | | 10.000,00<br><br>3.000,00<br>3.000,00 |
| | **ВКУПНО:** | | | **149,000.00 ден** |

## III. ФИНАНСИРАЊЕ

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма е предвидено во Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2015 година.

За активностите од областите што ги опфаќа Програмата, а кои со својата актуелност, квалитет и општествен интерес ќе се појават дополнително, во текот на 2015 година ќе бидат предвидени дополнителни финансиски средства во Буџетот на Општина Ѓорче Петров.

## IV. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Реализацијата и следењето на активностите од оваа Програма ќе се одвива преку Одделението за работи на Градоначалникот и дејности од јавен интерес, а надзорот на спроведувањето ќе го врши Комисијата за еднакви можности на жените и мажите.

Програмата е отворена за предлози, сугестии и мислења.

Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 07-4498/21**
**Од 30.10.2014 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**П р е т с е д а т е л,**
**Гоце Петрески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров -(Пречистен текст), (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/13), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување Одлука за прифаќање на иницијатива за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров**

Се објавува Одлуката за прифаќање на иницијативата за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Дваесетишесттата Седница на Советот, одржана на ден 30.10.2014 година.

**Број 08-4600/20**
**од 30.10.2014 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 36 став1 точка 1 и член 62 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ број 5/02) и член 102 став 2 од Статутот на Ѓорче Петров-пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 18/13), а во врска со Иницијативата на Градоначалникот на општина Ѓорче Петров за измена и дополнување ана Статутот н општината, Советот на општина Ѓорче Петров на 26-тата седница одржана на ден 30.10.2014 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**За прифаќање ана иницијативата за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров**

**Член 1**

Се прифаќа Иницијативата поднесена од Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров за отпочнување на постапка за измена и дополнување на Статутот на Општината.

**Член 2**

Се задолжува Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров, по стапување на сила на Одлуката за прифаќање на Иницијативата, да изготви предлог Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот на општината, во која ќе бидат предвидени одредби за формирање на Совет на млади како советодавно тело на општината и ја достави до Советот на општината на усвојување.

**Член 3**

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 07-4498/22**
**Од 30.10.2014 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**П р е т с е д а т е л,**
**Гоце Петрески с.р.**